МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2025 ГОДИНА

март 2026 година

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Министерството за образование и наука за 2025 година, беше подготвен во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија содржани во Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 -2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 256/23):

- Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- Развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критичко размислување базирано на анализи и факти
- Образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот;
- Изградба, реконструкција, санација и обезбедување на енергетска ефикасност на студентските домови и подобрување на студентскиот живот и стандард на младите
- Дигитална поврзливост и ИКТ инфраструктура (обезбедување гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на Владина ИКТ инфраструктура и развој на Национална образовна ИКТ инфраструктура
- Афирмација и унапредување на културата на припадниците на заедниците и развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците и
- Поддршка на економијата преку зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите.

Со стратешки план на Министерството за образование и наука за 2025-2027 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 5 програми и 15 потпрограми. За секоја од предвидените програми и потпрограми, кои пак, иницираа мерки, проекти и активности, Годишниот план за работа за 2025 година ги дефинираше потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Потпрограми:**

2.1.1 Зголемување на постигањата на учениците во основното образование
2.1.2 Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование
2.1.3 Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта
2.1.4 Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

**Потпрограми:**

2.2.1 Зголемување на постигањата на учениците во средното образование

2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Ученички стандард

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Студентски стандард

**ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионални иницијативи и меѓународни програми за наука и истражување

**ПРОГРАМА: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

**Потпрограми:**

2.5.1 Развој на неформалното образование на возрасните
2.5.2 Формално образование на возрасни

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## 2.1 Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите од Стратешкиот план:

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | „Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот”<br><br>• Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал | |
| КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Обезбедување на квалитетно и инклузивно основно | **Одговорен:**<br>Сектор за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограми:**<br>• Зголемување на постигањата на учениците во основното образование<br>• Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование<br>• Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта<br>• Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | | образование и зголемување на опфатот на ученици | основно образование |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1**: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | | | |
| **Мерка: Етапна примена на ревидираната Концепција за основно образование во седмо, осмо и деветто одделение**<br><br>Предвидени активности:<br>- Подготовка на наставниците од седмо одделение од страна на БРО<br>- Воведување на новите наставни програми за седмо одделение од учебната 2025/2026 | **Појдовна основа**<br>70% од наставните програми се усогласени со национални стандарди (од прво до седмо)<br><br>**Показател за успешност**:<br>Процент на наставни програми за седмо, осмо и деветто одделение кои се усогласени со новите национални стандарди<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>85% од наставните програми се усогласени со националните стандарди (од прво до осмо) | **Мерката е реализирана**<br><br>Во текот на месец јуни и почетокот на јули, Бирото за развој на образованието реализираше обуки на наставниците од основното образование за планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми за 7. одделение.<br><br>Со обуките се опфатени наставниците од сите основни училишта во државата кои во учебната 2025/26 година реализираат настава во 7. одделение. Советниците при Бирото за секој наставен предмет одделно одржуваа обуки за планирање и реализирање на наставата согласно соодветната наставна програма, со особен акцент на сите новини што се однесуваат на концептот на наставните програми, планирањето на наставата и современите пристапи и методи на реализација на наставата согласно Концепцијата за основно образование.<br><br>Новите наставни програми за седмо одделение започнаа да се применуваат од учебната 2025/2026 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Донесени се нови наставни програми за историја и општество за петто и шесто одделение кои се применуваат од учебната 2025/2026 година. | |
| **Мерка: Усогласување на наставните програми со ревидираната концепција за основно образование и Националните стандарди за учениците во основно образование и обука за наставниците за новите наставни програми (сукцесивно)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Подготовка на наставните програми за осмо одделение<br>- Донесување на наставните програми од страна на министерот | **Појдовна основа**<br>70% од наставните програми се усогласени со национални стандарди (од прво до седмо)<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на наставни програми за седмо, осмо и деветто одделение кои се усогласени со новите национални стандарди<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>85% од наставните програми се усогласени со националните стандарди (од прво до осмо) | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>85% од наставните програми се усогласени со националните стандарди (од прво до осмо одделение)<br><br>На 12.9.2025 донесени се нови наставни програми за осмо одделение за физика, хемија, биологија, географија, граѓанско образование, за мајчините јазици, математика, странските јазици, македонски јазик за учениците од другите заедници и албански јазик (изборен) кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година.<br><br>На 19.12.2025 донесена е и нова наставна програма по историја за осмо одделение која ќе се применува од учебната 2026/2027 година. Со тоа сите наставни програми за осмо одделение се донесени | |
| **Мерка: Континуирано одржување и надградување на дигиталните системи и системот за образование од далечина (надополнување на порталот Едуино, набавка на мрежна опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, набавка на мрежна инфраструктура, набавка на мрежна и дигитална опрема..)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Пилотирање и воведување нов ЕМИС<br>- Континуирано ажурирање на порталот Едуино со нови видео содржини/лекции<br>- Континуирано одржување и | **Појдовна основа**<br>40 „паметни“ основни училишта (11 % од училиштата) се опремени со ИТ-алатки и интернет-инфраструктура (дигитална мрежа за безбедно сурфање)<br>0% од училиштата го користат новиот ЕМИС систем<br>34% ученици користат дигитални и интерактивни материјали за учење (од четврто, петто и шесто одделеие)<br>0% од наставниците (од 9000 предметни наставници) учествуваат во континуиран професионален развој фокусиран на дигитални и зелени вештини | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати)**<br><br>166 „паметни“ училишта [46% од училиштата] се опремени со ИТ-алатки и интернет-инфраструктура (дигитална мрежа за безбедно сурфање)<br>100% од училишата го користат новиот ЕМИС<br>45% ученици користат дигитални и интерактивни материјали за учење<br><br>Алатката за online настава активно се користи од страна на училиштата (наставниците и учениците) согласно утврдените потреби, користејќи ги официјалните адреси (schools.mk на наставниците и учениците).<br><br>Во месец јануари (со почеток на второто полугодие) започна пилотирањето на новиот ЕМИС во шест училишта од различен | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| надградба на националната платформа за образование на далечина<br>- Набавена е мрежна и ИКТ опрема<br>- Развивање дигитални, интерактивни учебници за седмо одделение<br>- Континуирани обуки за наставниот кадар | **Показател за успешност:**<br>Број/ процент на воспоставени „паметни“ основни училишта со ИТ-алатки и интернет-инфраструктура, како и осигурување нивна оперативност („паметни“ како што е интегрирањето на дигиталните технологии во наставата и управувањето со училиштата, вклучително и комуникација со семејствата, интерактивно учење на далечина)<br>Процент на училишта кои го користат новиот ЕМИС<br>Процент на ученици кои користат дигитални и интерактивни материјали за учење<br>Процент на наставници кои завршиле обука за дигитални вештини и компетенции<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>160 „паметни“ училишта [44 % од училиштата] се опремени со ИТ-алатки и интернет-инфраструктура (дигитална мрежа за безбедно сурфање)<br>100% од училиштата го користат новиот ЕМИС систем<br>45% ученици користат дигитални и интерактивни материјали за учење (од четврто, петто, шесто и седмо одделение) | тип (основно/средно/средно струно/ музичко/ училиште со ресурсен центар). Покрај училишните администратори дополнително се вклучени и наставници од овие училишта. Спроведена е обука за советниците од БРО (90 советници) и ЦСОО (10 советници) и за 30 инспектори од ДПИ. Формирана е работна група која го следеше пилотирањето составена со претставници од МОН, БРО, ЦСОО, ДИЦ, ДПИ.<br><br>Од 1 септември 2025, во сите училишта се користи новиот ЕМИС.<br><br>Работна група во рамки на БРО изработи упатства за педагошка евиденција согласно функционалностите на новиот ЕМИС: упатство од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение, од седмо до деветто одделение. Упатствата се поставени на новиот систем. Дополнително направени се и видео упатства. Спроведени се дополнителни обуки на училишните администратори во текот на месец октомври.<br><br>Вкупен број на внесени содржини евиденција на час: 7.842.437<br>Вкупен број на креирани распореди: 15.326<br>Вкупен број на запишани изостаноци 2.707.440<br>Вкупен број на регистрирани корисници 2.744.60<br>Вкупен број на успешни најавувања на порталот за родители: 1.364.775<br><br>Пуштена е во употреба мобилната верзија за е-дневникот (за андроид и ајфон корисници) за родители/старатели. Развиен е модулот за слободен изборен предмет согласно Водичот за слободни изборни предмети изработен од БРО, за да се почитува изборот на учениците. Развиен е модулот за размена на податоци со Државен завод за статистика.<br><br>Изработените дигитални материјали за четврто, петто и шесто одделение се поставени на платформа, изработена со поддршка од Уницеф. Од страна на МОН спроведена е Јавна набавка за превентивно и адаптивно одржување на платформата за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | дигитални учебници. Платформата за дигиталните учебници започна да се применува со новата учебна година., а дополнително ќе се надградува со нови одделенија во наредните години. Платформата е надградена со цел нејзина достапност (достапност на ресурсите) на учениците со оштетен вид и поврзаност со читачот Кико.<br><br>Набавена е информатичка технологија и друга опрема за подобрување на мрежната инфраструктура во 20 основните училишта (преку ПЕИП Проектот, заем од Светска банка) и 22 основни училишта со буџетски средства. Опремата е инсталирана и се користи од страна на училиштата.<br><br>Набавена е ИТ опрема (компјутери, лаптопи, интерактивни табли, принтери) за 38 основни училишта (со буџетски средства). Опремата е инсталирана и се користи од страна на училиштата.<br><br>Во соработка со Универзитетот Гоце Делчев изработен е Водич за вештачка интелигенција (наменет за наставниците и учениците). Водичот претставува основа за запознавање со вештачката интелигенција, принципите на работа на алатките базирани на вештачка интелигенција и можностите за нивна примена. Водичот е јавно промовиран на 5.9.2025 и доставен до сите училишта.<br><br>На 30.10.2025 МОН и Центарот за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје потпишаа меморандум за соработка кој предвидува искористување на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови за организирање на обуки за наставникот кадар, како и работилници за развој и примена на иновации во образованието со фокус на генеративната вештачка интелигенција. Согласно Меморандумот над 700 наставника беа обучени по 6 часа обука во 4 групи (од 20.11 до 23.12.2025 ). Наставниците се стекнаа со сертификат. Материјалите од обуките се споделени со сите | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | училишта во насока на каскадно обучување на што поголем број на наставници.<br><br>Спроведено е истражување (врз основа на DigCompEdu). и доставен е финален извештај „***Анализа на дигиталните вештини на наставниците во основните училишта во Македонија",*** во рамки на ПЕИП проектот. Извештајот служи како основа за креирање на специфични приоритетни обуки за наставниците за дигитални вештини. | |
| **Мерка: Намалување на бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици, и намалување на бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до седмо одделение)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Поднесување на барања за нови согласности од страна на училиштата<br>- Издавање на согласности од страна на МОН и МФ | **Појдовна основа**<br>Во некои училишта бројот на ученици во паралелка е поголем од 30, што влијае на квалитетот на наставата<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Обезбедени се согласности за намалување на бројот на ученици во паралека од прво до седмо одделение, за учебната 2025/2026 година | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Завршена е постапката и обезбедени се согласности согласно утврдените потреби на училиштата. Сите паралелки во основно образование од прво до седмо одделение се со максимум 30 ученици. | |
| **Мерка: Професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение, врз основа на Програмата утврдена од министерот, на предлог на БРО**<br><br>Предвидени активности:<br>- Развој на алатки/инструменти за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците | **Појдовна основа**<br>Донесена е Програма за професионална ориентација на учениците<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Развиени се инструменти за професионална ориентација | **Мерката е во тек на реализирација**<br><br>Програмата за професионална ориентација се спроведува од страна на училиштата.<br><br>Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Здружението Асоцијација на советници за развој кариера - АСК од Скопје за спроведување на обуки за кариерните советници во основните и средните училипта. Врз основа на Меморандумот за соработка спроведена е обука за кариерно советување на 312 стручни соработници од основните училишта. За сите учесници на обуката издаден е сертификат од страна на МОН, БРО и спроведувачот на обуката (АСК). | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Центарот за развој на стручно образование започна со дигитализација (е-платформа) на Водичот за квалификации кој ќе им помогне на учениците од основно образование за професионален и кариерен развој при избор на средно училиште (во соработка со Хелветас, избрана е фирма изведувач на платформата). МОН ја обебедува хадрверската инфраструктура на која е поставена е-платформата. Платформата е изработена и ќе започне да се користи од 2026г. | |
| **Мерка: Етапно воведување на настава во една смена и продолжен престој, инвестирање во инфраструктура во основните училишта (реконструкција на основни училишта, изградба на нови основни училишта, изградба/реконструкција на училишни спортски сали, подобрување на инфраструктурните услови за пристап на ученици со попреченост)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училници за воведување на настава во една смена, изградба на нови училишта (продолжување со изградба на отпочнатите и почнување со изгадба на нови објекти), изградба на нови училишни спортски сали и | **Појдовна основа**<br>Има потреба од подобрување на условите во некои училишта особено во руралните средини.<br>Има училишта кои немаат училишна спортска сала<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се условите за учење во основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени се инфраструктурни услови во училиштата преку изградба/доградба на училишни објекти, реконструкција на училишта и изградба и реконструкција на училишни спортски сали | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>На 43-та седница на Владата, одржана на 14.1.2025г. донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во 2025 („Службен весник" бр.8/25 од 14.1.2025)<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2025 година (објавен на системот на БЈН на 22.1.2025), во кој се вклучени капитални инвестиции.<br><br>Во тек е изградба, доградба и/или надградба на три училишта:<br>1. Доградба на училишен објект на ООУ Ацо Шопов, Радишани, Бутел<br>2. Изградба, доградба, надградба и реконструкција на ООУ „Гоце Делчев" во село Еднокуќево, Босилово<br>3.Доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на ОУ „Димче Ангелов Габерот", Демир Капија<br><br>А завршена е изградбата на нов училишен објект во с.Баница, Чашка, доградбата на ООУ Санде Штерјоски, Кичево, доградбата на ООУ „Александар Урдаревски", Чучер Сандево, доградбата на ООУ "Св. Кирил и Методиј" с. Кучевиште, Чучер Сандево, и изградбата на нов училишен објект за ООУ Рилиндја во с. Селце, Тетово.<br><br>Завршена е реконструкција на вкупно 28 училишни објекти, а започната и во тек е реконструкција на 17 основни училишта. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| реконструкција на постојните сали .... | | Завршена е постапката за набавка на клупи и столчиња за потребите на основните и средни училишта во РСМ и истите се доставени до училиштата согласно спецификацијата.<br><br>Во тек е изградба на четири училишни спортски сали во ОУ „Зини Хани", с.Велешта, Струга, ОУ „Рилиндија", с.Лијане, Липково, ОУ „Годе Делчев" Аеродром и ОУ „Кирил Пејчиновиќ" Кисела Вода (последните две започнати со градба во 2025г.).<br><br>На 138-та седница на Владата одржана на 23.12.2025г. усвоен е Закон за задолжување на РС Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали (20.000.000 евра за изградба на нови училишни спортски сали). Законот е доставен во собраниска процедура<br><br>Потпишан е Договорот за заем помеѓу РСМ (Министерство за финансии) и Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование (со заемот од Светска Банка предвидена е дограба и надградба на училишта за воведување на едносменска настава). Врз основа на Физибилити студијата за воведување на едносменска настава, спроведена е постапка за изработка на техничка документација и ревизија на документација за надградба/доградба на пет училишта за едносменска настава (ОУ Александар Македонски Аеродром, ОУ Димо Хаџи Димов Карпош, ОУ Панајот Гиноски Бутел, ОУ Његош, Јурумлери, Гази Баба и ОУ Страшо Пинџур Ѓорче Петров). Изработено е идејно решение и проектна документација за сите пет училишта и поднесени се барања за обезбедување на дозвола за градба, а започната е Јавна набавка/постапка за изработката на техничка/проектна документација за уште шест училишта (објавен е повикот на 22.12.2025). По добивањето на одобренијата за градба ќе следи објава на Повик/постапка за избор на фирма/и за доградба. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Врз основа на одобрениот грант за „Подобрување на условите за учење во училиштата во Република Северна Македонија преку зелена енергија“ од Зелен социјален инвестициски фонд (GSIF) основан од Банката за развој при Советот на Европа - ЦЕБ, завршена е јавната набавка за услуги за изработка на физибилити студија за утврдување на капацитетот на енергетска ефикасност во училиштата во земјата. | |
| **Мерка: Имплементација на Концепција за државно тестирање**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на извештај од спроведеното главно тестирање на учениците од петто одделение во 2024<br>- Изготвување на рамка за оценување и инструменти за оценување (тестови и прашалници)<br>- Спроведување на преттестирањето за ученииците од трето (мај - јуни 2025)<br>- Обработка на податоци за изготвување на Извештај | **Појдовна основа**<br>Донесена е Концепција за државно тестирање во основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведено е преттестирањето за ученииците од трето одделение | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Во првата недела од месец октомври се спроведе преттестирањето за трето одделение. ДИЦ започна со обработка на податоците.<br><br>Од 26 до 28 март 2025, ДИЦ одржа работилница „Поставување стандарди на постигања за петто одделение“. Работилницата ја водеа меѓународни експерти, со поддршка од советници од Државниот испитен центар, а во неа учествуваа и 30 наставници и професори од основното и високото образование. Целта на работилницата беше да се постават стандарди по предметите математика и мајчин јазик (македонски и албански јазик) во петто одделение базирани на реални емпириски резултати.<br><br>Заврши обработката на податоците од Државното тестирање кое се спроведе во месец јуни 2024, за учениците во петто одделение за математика и мајчин јазик (македонски и албански јазик). Извештајот со резултатите и препораки е промовиран на 15 декември 2025 година. На 16 декември 2025 година, Државниот испитен центар организираше обука на тема: „Толкување и анализа на податоците од НАП за поддршка на образовните политики“. На настанот учествуваа советници од БРО, претставници од МОН, ДПИ и ДИЦ. Целта на обуката беше да се зајакнат капацитетите за користење на податоците од Националната оценка на постигнувањата (НАП) во процесите на анализа, планирање и имплементација на политики во образованието. Во рамки на интерактивна групна работа, учесниците изготвија предлог-мерки за унапредување на квалитетот на наставата и подобрување на ученичките | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | постигнувања, при што беа предложени системски решенија за сите засегнати чинители (МОН, БРО, ДПИ, училиштата). | |
| **Мерка: Подготовка и учество во меѓународни тестирања (TIMSS 2027, PIRLS 2026**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на детален извештај со препораки врз основа на резултатите од меѓународното тестирање TIMSS 2023<br>- Објава на резултати од TALIS 2024<br>- Подготовка за учество во PIRSL 2026 | **Појдовна основа:**<br>Република Северна Македонија учествуваше во меѓународното тестирање TIMSS 2023<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Учество на меѓународни тестирања | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Пријавено е учество во TIMSS 2027 и ICCS 2027<br><br>Спроведено е пробно тестирање за PIRSL 2026 на околу 1000 ученици од 27 основни училишта. Обучени се 6 оценувачи, оценети се тестовите и резултатит се испратени во IEA – Меѓународната организација за евалуација на постигнувањата во образованието.<br><br>Направено е прочистување на податоци од спроведената лонгитудинална TIMSS студија. На 9.12.2025 објавени се резултатите од лонгитудинална TIMSS студија. Детален извештај ќе биде објавен во 2026г.<br><br>Во месец октомври објавени се резултатите од TALIS 2024. Детален извештај ќе биде објавен во 2026г.<br><br>Од страна на ДИЦ номинирани се координатори, заменик координатри и дата менаџери за двете меѓународни тестирања TIMSS 2027 и ICCS 2027. Започнаа подготвителни активности за двете меѓународни тестирања. | |
| **Мерка: Унапредување на квалитетот на учебниците, наставните и дидактички материјали, изработка на дополнителен дигитализиран наставен материјал со интерактивни содржини, аудиосодржини и гејмифицирани програми...) и донесување на подзаконските акти согласно новиот Закон за учебници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на подзаконските | **Појдовна основа:**<br>Донесен е нов Закон за учебници во основно и средно образование<br>67% на ученици користат учебници кои ги вклучуваат принципите на човекови права, рамноправност и почитување на различностите (од прво до шесто)<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на ученици кои користат учебници и наставни материјали кои ги вклучуваат принципите на човекови | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати)**<br><br>Законот за учебници во основното и средното образование е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г. Новиот закон обезбедува изработка на учебници со поквалитетна содржина, намалување на веројатноста за појава на грешки.<br><br>Донесена е Концепција за изработка на учебници (утврдена со решение од министерката од 16.1.2025г.) и истата е објавена на веб страната на МОН и доставена до сите издавачки куќи.<br><br>Од страна на МОН донесена е Методологија за вреднување на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| акти согласно новиот Закон за учебници во основно и средно образование<br>- Донесување на Уредба за утврдување на каталошката вредност на учебниците<br>- Изработка и донесување на Концепција и методологија за учебници<br>- Изработка на Каталог на одобрени учебници за употреба<br>- Изработка на учебници согласно новите наставни програми | права, рамноправност и почитување на различностите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени се подзаконските акти<br>Усвоени се Концепција за изработка и Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали<br><br>Зголемување на бројот на ученици кои користат материјали кои ги вклучуваат принципите на човекови права, рамноправност и почитување на различностите од 67% на 78% (од прво до седмо) | учебници, изработена на предлог на БРО и ЦСОО, со бр.18-5577/1 од 10.4.2025г.<br><br>На 45-та седница на Владата, одржана на 21.1.2025 донесена е Уредбата за утврдување на каталошка цена на учебник (согласно новиот Закон за учебници)<br><br>Изработена и донесена е Процедура за начинот на спроведување на постапката за одобрување на учебници по странски јазици бр.26-1238/1 од 27.11.2025г<br><br>Донесени се следните подзаконски акти:<br>✓ Правилник за начинот на запишување во базата на рецензенти и начинот на работа на рецензенти<br>✓ Правилник за формата и содржината на Каталогот на одобрени учебници (објавени во Службен весник бр.13 од 22/1/2025г.)<br>✓ Правилник за начинот на одобрувањето на работна тетратка за употреба во училиштата и<br>✓ Правилник за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во основните и средните училишта (објавени на веб страната на МОН).<br><br>На 28.1.2025 објавен е Конкурс за учебници за седмо одделение, а на 31.1.2025 објавен е Конкурс за учебници по историја за петто, шесто и седмо одделение и македонски јазик за седмо (кои се применуваат во настава од учебната 2025/2026). Постапките за одобрување се завршени, учебниците се набавени согласно ЗЈН и доставени до сите училишта. Со тоа е исполнет индикаторот односно зголемен е бројот на ученици кои користат материјали кои ги вклучуваат принципите на човекови права, рамноправност и почитување на различностите од 67% на 78% (од прво до седмо одделение)<br><br>На 28.1.2025 објавен Јавен е повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на деветгодишно основно образование. На 19.5.2025 реобјавен е Повикот за странски учебници за предметот руски јазик за шесто, седмо, осмо и деветто одделение. Постапките за одобрување на учебниците по | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | странски јазици се завршени, а во текот на месец август спроведени се постапки за откуп со издавачките куќи согласно Законот за јавни набавки. Учебниците се набавени и доставени до сите училишта.<br><br>На 19.2.2025 објавен е Конкурс за учебници за изборни предмети (јазик и култура на Србите, јазик и култура за Ромите, јазик и култура за Турците...) за четврто, петто, шесто и седмо одделение за кои недостасуваа учебници<br><br>На 12.3.2025 објавен е Конкурс за учебник за предметот Јазик и култура на Србите (изборен) за III одделение и Јавен повик за рецензенти на учебникот за Јазик и култура на Турците (изборен предмет) за III одделение<br><br>Во вториот квартал, завршена е постапката согласно јавната набавка за печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование за учебната 2025/26 и 2026/27 година и склучена е рамковна спогодба.<br><br>Завршена е Јавната набавка за превентивно и адаптивно одржување на платформата за дигитални учебници. Платформата за дигитални учебници се користи во наставата<br><br>На 23.9.2025 објавен е Конкурсот за учебници за осмо одделение согласно новите наставни програми, кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година. | |
| **Мерка: Ревизија/оптимизација на мрежата на основни училишта и имплементација на новата формула за финансирање на основните училишта (зајакнување на капацитетите на општините)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на план за | **Појдовна основа:**<br>10 општини се опфатени со процесот на оптимизација<br><br>0% училишта го применуваат новиот модел на финансирање<br><br>**Показател за успешност:** | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати)**<br><br>Завршена е Физибилити студијата за транзиција кон едносменско работење на основните училишта, и доставен е финален Извештај до МОН. Изработени се планови за оптимизација за 32 општини.<br><br>На 11.7.2025 одржан е состанок во ЗЕЛС, на кој е разгледана и позитивно оценета новата формула за финансирање во основно образование. Уредбата за финансирање на основното | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| оптимизација на училишната мрежа за 22 општини<br>- Донесување на уредби за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за основно образование по општини за 2026 година, согласно новата методологија (формула) за финансирање што во основа се базира на трошоци по стандард и оптимизација на мрежата на училишни објекти, според моделот за воведување на новите формули за блок дотации за основно и средно образование | Број на општини кои се дел од процесот на оптимизација на училишната мрежа и проценетото подобрување на ресурсите (училишни објекти, наставници, ученици)<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>32 општини се опфатени со процесот на оптимизација<br><br>Донесена нова методологија за финансирање во основното образование со изготвувањето на националниот буџет за 2026 година | образование (нова формула) е разгледана на седница на Комисијата за финансирање на единците на локална самоуправа и по истата е добиено позитивно мислење.<br><br>Уредбата е усвоена од страна на Владата на 97-та седница, одржана на 29.7.2025г.<br><br>Со Решение на министерката бр.18-12088/2 од 17.9.2025, на предлог на БРО, утврдени се нови Нормативи и стандарди за училишни простории, опрема и наставни средства за основните училишта. Со Нормативите и стандардите утврдени се типови на основни училишта според степенот на развиеност (кои се користат во новата формула за финансирање).<br><br>Реализирани се обуки за вработените во сектор за основно образование во МОН за употреба на новата формула за финансирање (24 и 25 септември). Реализирани се обуки за вработените во општините (ноември и декември 2025)<br><br>Од страна на Собранието усвоен е Буџетот за 2026г. во кој е предвидена распределба на блок дотации по општините согласно новата Уредбата за финансирање на основното образование (нова формула).<br><br>Развиен е модул во рамки на новиот ЕМИС за пресметка на новата формула. | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование | | | |
| **Мерка: Обезбедување на сеопфатен систем за поддршка за инклузивно образование на учениците со попреченост (ангажирање на образовни асистенти преку основните училишта со ресурсни центри, формирање на училиштен** | **Појдовна основа**:<br>60% од училиштата имаат функционални инклузивни тимови<br>За 84% од учениците со попреченост, за кои има препорака од системот за проценка на лица со попреченост за асистент, се обезбедени образовни | **Мерката е во тек на реализација (постигнати се поголем број од индикаторите)**<br><br>Во секое училиште каде што е запишан ученик со попреченост согласно препораките на Комисијата за МКФ, формиран е инклузивен тим за ученикот и изготвен е ИОП или модифицирана програма согласно потребата на ученикот. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **инклузивен тим, инклузивен тим за секој ученик, развивање на, ИОП/модифицирана програма, асистивна технологија, основање центри за поддршка...)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на инклузивен тим за ученик<br>- Зајакнување на капацитетите и ресурсите на основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка<br>- Формирање центар за поддршка за учење на учениците со попреченост од страна на општините<br>- Изготвување на ИОП/модифицирана програма, согласно потребите на ученикот<br>- Обезбедување на согласности за ангажирање на образовни асистенти од страна на МОН и МФ врз основа на поднесени барања од училиштата<br>- Спроведување на постапки за ангажирање на образовни асистенти за учебната 2025/2026 година<br>- Обезбедување/набавка на асистивна технологија од страна на училиштата | асистенти<br>50% од општините имаат формиран центар за поддршка за учење на учениците со попреченост<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на училишта со функционални инклузивни тимови<br>Процент на ученици со попреченост, за кои има препорака од системот за проценка на лица со попреченост за асистент, со обезбедени образовни асистенти<br>Процент од општините кои имаат формиран центар за поддршка за учење на учениците со попреченост<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>100% од училиштата имаат функционални инклузивни тимови<br>За 100% од учениците со попреченост, за кои има препорака од системот за проценка на лица со попреченост за асистент, се обезбедени образовни асистенти<br>100% од општините имаат формиран центар за поддршка за учење на учениците со попреченост | Со ребалансот на буџетот (јули 2025) обезбедени се средства за дополнителни 160 образовни асистенти за учебната 2025/2026, со што вкупниот број на асистенти изнесува 1346. Поднесени се барањата за согласности до МФ и истите се одобрени.<br><br>Во учебната 2024/2025 обезбедени се 1186 (од кои 200 во септември 2024 и 168 во февруари 2025), а во учебната 2023/2024 обезбедени се 818 асистенти.<br><br>Донесен е нов Правилник за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи, за основно образование бр.12-7278/2 од 10.6.2025г. (објавен на веб страната на МОН)<br><br>Донесен е нов Правилник за начинот на побарување на образовен асистент, начинот на селекција и избор на образовен асистент, како и програмата за обука на образовен асистент (за основно образование), објавен во Сл.весник бр.1422025 од 15.7.2025<br><br>Доделени се средства на државните основни училишта со ресурсен центар во вкупен износ од 1.500 000 мкд, односно по 300.000 денари за секое училиште (ОУРЦ Иднина, ОУРЦ Св.Климент Охридски, ОУРЦ Маца Овчарова, ОУРЦ Златан Сремац и ОУРЦ Кочо Рацин). Училиштата ја имаат спроведено набавката за асистивна технологија.<br><br>На 15.9.2025 МОН и УНИЦЕФ, во соработка со Филозофскиот факултет и со вклученост на сите релевантни институции започнаа со анализа на моделот на образовна поддршка што се нуди преку Ресурсните центри и Центрите за поддршка на децата со попреченост во основните училишта, со цел да се одбие сеопфатно разбирање за капацитетите (човечки и просторни) како и начинот на функционирање на Центрите за поддршка (таму каде што постојат), но и да се дадат насоки за тие што допрва треба да се воспостават на ниво на општина. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Согласно ЗОО во основните училишта каде што има посебни паралелки, формиран е центар за поддршка на учењето за учениците со попреченост. Конкретно,. заклучно со законскиот рок формирани се 32 центри за поддршка во рамки на основните училишта. Изработен е предлог документ Насоки за воспоставување, функционирање и унапредување на центрите за поддршка на ученици со попреченост. Училиштата започнаа со активности за формирање на центар за поддршка за учење на учениците со попреченост. | |
| **Мерка: Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици со надмината возрасна граница, ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) намалување на осипувањето, туторска поддршка..**<br><br>Предвидени активности:<br>- Проверка на знаењата на ученикот со тестови и усни проверки на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование<br>- Ангажирање на ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на ученици Роми | **Појдовна основа**:<br>431 ученици се идентификувани дека се надвор од образовниот систем<br>63% од идентификуваните ученици се вклучени и следени во образовниот систем<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на деца од 6 до 14 годишна возраст кои се идентификувани дека се надвор од училиштата<br>Процент на деца од 6 до 14 годишна возраст идентификувани дека се надвор од училиштата кои се вклучени и следени во образовниот систем<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Идентификувани дополнителни 200/250 деца од 6 до 14 годишна возраст кои се надвор од училиштата<br>90% од идентификуваните ученици се вклучени и следени во образовниот систем | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати)**<br><br>Идентификувани се дополнителни 261 дете од 6 до 14 годишна возраст кои се надвор од училиштата кои се вклучени во образовниот систем<br><br>На 1.8.2025 на веб страната на МОН објавен е Повикот за ангажирање на 50 образовни медијатори за основно образование за учебната 2025/2026 година (со рок на пријавување до 1.10.2025). Ангажирани се 43 медијатори. На 9.12.2025 објавен е Повторен повик за ангажирање на 6 медијатори, со рок на поднесување на документи до 20.12.2025.<br><br>Во соработка со Уницеф, БРО изработи Програма за обука на наставниците за препознавање и интервенции во случај на рано напуштање на образованието, која се пилотира во три училишта (Штип, Битола и Прилеп). Дополнително во соработка со НВО се работи и со родителите/старателите на учениците<br><br>Донесен е нов Правилник за формата и содржината на потврдата за извршената проверка на знаењето на ученикот кој не бил вклучен во настава, а е со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основното образование бр.18-3182/1 од 17.2.2025 (Сл.весник бр.41 од 21.2.2025)<br><br>Донесен е нов Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | бр.18-13736/1 од 28.10.2025г. | |
| **Мерка: Остварување на основно образование и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на одлука од страна на Владата за транформација на општинското основно училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко" – Скопје, во државно основно училиште за образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи<br>- Усогласување на актите (статут и други акти) на Државното државно основно училиште за образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи<br>- Утврдување на наставен план и наставни програми за основно образование на возрасни и за основно образование во воспитно-поправните установи<br>Обезбедување на потребни согласности за учебната 2025/2026 година | **Појдовна основа:**<br>0 донесени наставни програми за основно образование на возрасни и за основно образование во воспитно-поправните установи, согласно измените на ЗОО<br><br>**Показател за успешност**:<br>Број на донесени наставни програми за основно образование на возрасни и за основно образование во воспитно-поправните установи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>10 донесени наставни програми за основно образование на возрасни и за основно образование во воспитно-поправните установи, согласно измените на ЗОО | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат и надминат)**<br><br>Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (во кој е доуредена постаката за остварување на основно образование во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови) е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025.<br><br>Врз основа на Законот, на предлог на БРО донесен е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравственит установи, казнено-поправни и воспитно – поправни установи, како и во домашни услови бр. 18-9120/1 од 30.6.2025г.<br><br>Избраните консултанти во рамки на ПЕИП Проектот за подобрување на образованието во здравствени установи и процесот на реинтеграција на учениците во училиштата, изработија компаративна анализа на искуства од други земји за организирање на настава во здравствени установи и домашни услови за ученици кои се на подолго болничко лекување.<br><br>На 30 јуни започнаа обуките за наставниците на тема „Развој на вештини за работа со ученици кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови, развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците и создавање на позитивна социо – емоционална клима на час". Обуката е спроведена на 140 наставници од 70 училишта во чии паралелки има деца кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови, а ја спроведуваат советници од БРО, лекари, претставници од граѓански сектор, психотерапевт, комуниколог.<br><br>Дополнително спроведена е и обука која опфати 51 одделение (околу 1275 ученици од прво до деветто одделение) каде има ученици кои се или биле на подолго лекување во болница или се | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на домашно лекување кое трае подолго од три недели. Програмата за обука е прилагодена согласно структурата на возраст на учениците.<br><br>На 67-та седница на Владата одржана на 15.4.2025 усвоена е Одлуката за преземање на основачките права и обврски над основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко“ Скопје. Од 1.9.2025 основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко“ Скопје стана државно училиште (одобрен е Статутот и сите акти).<br><br>Донесен е Наставен план за основно образование на возрасни/казнено поправните установи со бр.12-9821/3 од 16.7.2025г. и Наставен план за основно образование во воспитно-поправните установи со бр.12-9821/4 од 16.7.2025г. Донесени се вкупно 18 програми за образование на возрасни/казнено поправните установи (девет програми) и за основно образование во воспитно-поправните установи (девет програми).<br><br>Донесен е Правилник за формата и содржината на потврдата за извршена проверка на знаењето на децата од воспитно-поправни установи кои не биле вклучени во настава со бр.18-3181/1 од 17.2.2025 (Сл.весник бр.41 од 21.2.2025) | |
| **Мерка: Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција (согласно ЗОО, стандардите за интеркултурно образование и Упатството за заеднички наставни часови)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Јавен повик од | **Појдовна основа**:<br>Доделени грантови на 70 училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/ интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на доделени грантови на училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон | **Мерката е реализирана**<br><br>Со измените на Законот за основно образование средствата за активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција кои ги доделува МОН се зголемени од „30.000 денари” на „две просечни нето-плати исплатени по работник во Републиката во претходната година”. Врз основа на измените донесено е Решение бр.18-13862/1 од 30.10.2025 од министерката за образование и наука за висина на грант од 60.000 мкд<br><br>На 31.10.2025г. Јавниот повик е објавен на веб страната на МОН. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.<br>- Имплементација на Упатството за организирање на заеднички наставни часови<br>- Имплементација на новите наставни програми за седмо одделение согласно стандардите за интеркултурно образование<br>- Зајакнување на капацитети на ДПИ за интеркултурно образование | почитување на мултикултурализмот<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени грантови на најмалку 75 училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција | Пристигнати се 106 апликации од основните училишта.<br><br>МОН со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше две регионални информативни средби (19.11 во Тетово и 21.11 во Велес) поврзани со новите услови и критериуми за доделување грантови за унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштата, вклучувајќи го и зголемениот износ на поддршката. Дополнително, на овие средби беа претставени и локалните совети за превенција, кои споделија искуства и примери на успешни практики во создавање на безбедна и поддржувачка училишна средина.<br><br>Дополнително МОН со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше две работилници (9 и 10 декември во Челопек и 18 и 19 декември во Велес) за креирање забавни ученички активности што поттикнуваат поддршка и заедништво меѓу учениците, наменета за наставници и стручни соработници кои работат директно со ученици и родители од различни заедници.<br><br>Одобрени се учебници за предметот македонски јазик за учениците од другите заедници за четврто, за петто и за шесто одделение; учебници за предмет албански јазик (јазик на заедницата) за четврто и за петто одделение, албански јазик (изборен предмет) за шесто и за седмо одделение.<br><br>Во процедура се постапки за учебници за предметот македонски јазик за учениците од другите заедници за седмо, за осмо и за деветто одделение, албански јазик (јазик на заедницата) за шесто и седмо одделение, албански јазик (изборен предмет) за осмо и деветто одделение. | |
| **Мерка: Имплементација на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и** | **Појдовна основа**:<br>На посебно креираната маил адреса projavinasilstvo@mon.gov.mk пријавени се 35 случаи, од нив 19 се разрешени и 16 се во процес | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Ревидиран и унапреден е текстот на Упатството односно донесен е нов Правилник за начинот на пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **занемарување**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на обука за училиштата-директори, наставници и стручни соработници..<br>- Имплементација на програмата за унапредување на менталното здравје<br>- Зајакнување на капацитети на ДПИ за постапување во случаи на пријавено насилство и дискриминација.... | 90% од училиштата го спроведуваат упатството за заштита на ученик жртва<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на пријавени, разрешени и во процес на разгледување случаи на насилство според упатството за заштита на ученик жртва<br><br>Процент на училишта кои спроведуваат упатството за заштита на ученик жртва<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Зголемен процент на разрешени случаи за 50%<br>100% од училиштата го применуваат упатството за заштита на ученик жртва | занемарување бр.18-9670/1 од 7.7.2025г. (како посилен правен акт, со што престанува да важи претходно донесеното Упатство). Од страна на БРО, Правилникот е доставен до Мрежата на обучувачи (наставници и стручни соработници) кои понатаму ќе спроведуваат обуки со останатите наставници и стручни соработници. Правилникот е доставен до сите основни училишта за нивно задолжително постапување.<br><br>Донесен е нов Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции бр.18-6656/3 од 3.7.2025 (Службен весник бр.139 од 10.7.2025г.)<br><br>Склучен е Меморандум за соработка помеѓу МОН, Коалиција на младински организации Сега и Детска фондација Песталоци за реализација на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во 26 основни и 24 средни училишта. Една од целите на проектот е да се зајакнат капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство. Преку работилници, сите 50 проектни училишта развија Политика за заштита на децата врз основа на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Исто така, секое училишта разви Мапа на институции и училишни тимови за превенција од насилство. Подготвен е и „Водич за улогата на родителите во превенција и справување со насилство во училиштата“ и дигитален едукативен прирачник за наставници, кој содржи практични вежби и ресурси за позитивна комуникација, и справување со сите форми насилство.<br><br>Во соработка со Светска здравствена организација ревидирана е наставната програма за слободниот озборен предмет „Учам за моето здравје” за четврто и петто одделение, изработена е нова наставна проггрbreak за шесто и седмо одделение.и прирачникот за наставници за слободниот изборен предметот „Учам за моето здравје“ за седмо одделение. Преку предметот, учениците се | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | запознаваат со теми како ментално здравје, емоционална писменост, справување со стрес и превенција на насилство.<br><br>Континуирани се постапува по пријавите доставени на маил адреса prijavinasilstvo@mon.gov.mk<br><br>Изработен е предлог нов Закон за педагошка служба кој е објавен на ЕНЕР за јавна консултација.<br><br>Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО, Црвен крст и Комора на психолози за реализација на активности и програми од областа на ментално здравје, психо-социјална поддршка и прва психолошка помош на уечници, наставници, стручни соработници и родители со број на МОН 08-9636/1 од 7.7.2025г | |
| **Мерка: Социо-емоционална поддршка на учениците и родителите**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на нов Закон за педагошка служба<br>- Формирање на Национална мрежа на психолози, педагози, специјални едукатори и рехабилитатори (дефектолози), социолози и социјални работници | **Појдовна основа /**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен нов Закон за Педагошката служба<br>Формирана Национална мрежа на психолози, педагози, специјални едукатори и рехабилитатори (дефектолози), социолози и социјални работници | **Мерката е во фаза на реализација**<br><br>Изработен е предлог нов Закон за педагошка служба кој е објавен на ЕНЕР за јавна консултација. Одржана е и средба со Комората на психолози во насока на внесување на нивни забелешки/ коментари на законот.<br><br>На 16.3.2025 Министерството за образование и наука во соработка со УНИЦЕФ, Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје и Комората на психолози до сите училишта достави ја насоки за училиштата, наставниците и родителите за давање на психосоцијална поддршка на учениците по трагичниот настан во Кочани. Дополнително обезбедена е зајакната психолошка поддршка за сите училишта (ученици и наставници) во Кочани, Штип, Чешиново-Облешево и околните места од преку 130 психолози, за кои на 21.3.2025 беше обезбедена посебна обука од страна на Комората на психолози.<br><br>Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО, Црвен крст и Комора на психолози за реализација на активности и програми од областа на ментално здравје, психо-социјална | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | поддршка и прва психолошка помош на уечници, наставници, стручни соработници и родители со број на МОН 08-9636/1 од 7.7.2025г | |
| **Мерка: Реализација на изборен предмет јазик и култура на Ромите, Бошњаците, Србите, Турците и Власите**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на акт за формирање на паралелки со помал број ученици (помал од 15) кои се припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, заради изучување на јазикот и културата на заедницата.<br>- Спроведување на постапки за одобрување на учебници и/или наставни материјали по предметите; Јазик и култура на Ромите, Јазик и култура на Бошњаците, Јазик и култура на Србите, Јазик и култура на Турците и Јазик и култура на Власите | **Појдовна основа /**<br><br>**Показател за успешност**:<br>Донесени подзаконски акти<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/**<br>Донесен акт за формирање на паралелки со помал број ученици (помал од 15) заради изучување на јазикот и културата на заедницата | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г.. Со измените на Законот се уредува дека по исклучок, за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, може да се формира и група помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата.<br><br>Врз основа на измените на законот, донесен е Правилник за начинот на формирањето на групи за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата бр.. бр 18-13407/1 од 17.10.2025<br><br>Законот за учебници во основно и средно образование е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г.<br><br>На 19.2.2025 објавен е Конкурс за учебници за изборни предмети (јазик и култура на Србите, јазик и култура за Ромите, јазик и култура за Турците...) за четврто, петто, шесто и седмо одделение за кои недостасуваа учебници, со рок на пријавување до 25.4.2025<br><br>На 12.3.2025 објавен е Конкурс за учебник за предметот Јазик и култура на Србите (изборен) за III одделение и Јавен повик за рецензенти на учебникот за Јазик и култура на Турците (изборен предмет) за III одделение<br><br>На 19.5.2025 објавен е Повикот за учебник за предметот Јазик и култира за Србите за трето одделение | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Одобрени се нови учебници за предметите босански јазик за 7, српски јазик за 7, турски јазик за 7, а за прв пат се одбрени и учебници за предметот Јазик и култура на Власите за 7 и предметот, Јазик и култура на Бошњаците за 7 одделение. Одобрен е нов учебник за предметото Јазик и култура на Србите за 4 одделение<br><br>Во тек се постапки за одобрување на учебници Јазик и култура на Србите за 3, 4, 5, 6, 7, Јазик и култура на Турците за 4, 5, 6, 7, 8 и 9, Јазик и култура на Ромите за 6 и 7 одделение.<br><br>Од страна на БРО изработени се материјали за учење за предмот Јазик и култура на Србите за 3, 5, 6 и 7 одд, Јазик и култура на Ромите за 7 одд, Јазик на заедницата за 7 одд и Јазик и култура на Турците за 4, 5, 6, 8 и 9 одд, истите се објавени на веб страната на БРО со примена од учебната 2025/2026 година. | |
| **Мерка: Анализа и изработка на нови учебници, и дидактички материјали во основно образование од аспект на унапредување на еднаквоста и заштита од дискриминација по било кој основ**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на нови учебници (согласно Концепцијата за учебници) кои промовираат еднаквост и недискриминација. | **Појдовна основа**<br>Донесена е нова Концепција за основно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Новите наставни програми и учебници/наставни материјали во основно образование промовираат еднаквост, заштита од насилство и недискриминација | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Новите наставни програми за седмо одделение кои промовираат еднаквост и недискриминација, започнаа да се применуваат од учебната 2025/2026 година. Од страна на МОН донесени се нови наставни програми за осмо оддление кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година.<br><br>Од страна на МОН донесена е Методологија за вреднување на учебници (во која како критериуми се утврдени еднаквост и недискриминација), изработена на предлог на БРО и ЦСОО, со бр.18-5577/1 од 10.4.2025г.<br><br>Врз основа на новите наставни програми и Методологијата за вреднување на учебници изработени се целосно нови учебници за седмо одделение кои промовираат еднаквост и недискриминација (кои се применуваат од 1.9.2025).<br><br>На 23.9.2025 објавен е Конкурсот за учебници за осмо одделение согласно новите наставни програми (кои ќе се применуваат од | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 1.9.2026) | |
| **Мерка: Наградување на најдобрите ученици и нивните наставници и покривање на трошоци за учество на меѓународни натпревари**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Концепција од страна на БРО<br>- Усогласување на предлог-Концепцијата со сите засегнати страни<br>- Донесување на Концепцијата од страна на министерот<br>- Објавување на конкурс за учество на меѓународни натпревари<br>- Формирање на Комисија за разгледување на примените апликации<br>- Објава на Конкурс за денот на поезијата 21 Март<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари<br>- Објава на јавен повик за акредитирани здруженија на наставници за учество на меѓународен натпревар за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар | **Појдовна основа /**<br>Законот за основно образование содржи одредба за донесување на Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени конкурси/ јавни повици за наградување на учениците и менторите | **Мерката е во тек на реализација (индикаторите се постигнати)**<br><br>Спроведен е Јавниот повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2025 година од областа на математиката, информатиката и природните науки (со рок на пријавување до 31.10.2025г.). Исплатени се 2 здруженија на наставници ( јуниорска олимпијада на Здружение на физичари на износ од 100.461 мкд и Здржение на информатичари во износ од 513.097 мкд).<br><br>Спроведена е постапката по Јавниот повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните и средните училишта.<br><br>Реализирана е исплатата на парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар.<br><br>Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на наставникот и менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот.<br><br>Врз основа на измените на Законот за основното образование (јануари 2025) донесен е за прв пат Правилник за начинот на доделување на еднократна награда на талентиран и надарен ученик од основно образование, кој учествувал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование и освоил прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународни олимпијади или натпревари, како и учествувал и освоил прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование со бр.18- | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 9669/1 од 7.7.2025г.<br><br>Донесени се измени на Законот за основно образование, со кој се воведува основ за финансирање на меѓународни натпревари кои се одржуваат во земјата (Службен весник бр.250/25 од 12.12.2025г.)<br><br>По однос на Концепцијата за откривање и работа со талентирани и надарени ученици, од страна на БРО, започнати се активности за формирање на сеопфтна работна група. Доставени се барања за номинации до сите акредитирани здруженија на наставници за номинирање на член во Работната група. | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта | | | |
| **Мерка: Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното образование (Центар за обука и развој на наставниците и стручните соработници)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Спроведување на приоритетни обуки и обуки од Каталогот на акредитирани програми за обука за стручно усовршување на наставници и стручни соработници | **Појдовна основа**<br>15.985 наставници (од кои 11.971 жени) и 874 стручни соработници (од кои 792 жени) поминаа организирани обуки (согласно Каталогот на акредитирани обуки) во текот на 2024 година.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на наставници и стручни соработници кои успешно завршиле обуки за стекнување компетенции предвидени со професионалните стандарди;<br><br>Донесени законски измени и подзаконски акти<br><br>**Плаиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>За 10% проценти зголемување на бројот на обучени наставници и стручни | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)<br><br>Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)<br><br>Работната група за изменувања и дополнувања на Законот за БРО, (вклучително и делот за акредитација и реализација на обуки за наставници и стручни соработници) подготви прва нацрт верзија на законот, која е објавена на ЕНЕР за консултација со пошироката јавност.<br><br>Одржано е преговарање со тимот од Светска банка на 4 јуни 2025, во насока на обезбедување на дополнителен заем од кој дел ќе иде искористен за обуки за наставниците и стручните соработници согласно Каталогот. На 17 јуни 2025 добиено е известување од Светска банка за обезбедени средства однсоно нов дополнителен | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | соработници.<br>Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за наставници и стручни соработници | заем од 15.000.000 евра за основно образование. Од страна на МФ подготвен е предлог Закон за новиот заем од Светска банка, кој е усвоен на 98-та седница на Владата одржана на 1.8.2025 и донесен од страна на Собранието на 68-та седница, одржана на 12.9.2025. Врз основа на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование (Сл.весник бр. 193/2025), склучен е Договорот за заем и завршени се сите административни обврски со цел негово ефектуирање. Во рамки на дополнителното финансирање во 2026г. ќе се акредитираат и спроведат нови обуки.<br><br>Завршена е повторната анализа (follow up) со TEACH инструментот, со која беа опфатени истите училишта од првата фаза, со цел да се направи споредба на квалитетот на наставата по спроведените три циклуса на обуки на наставниците (од Каталотот на акредитирани обуки) со што директно се измери импактот на обуките врз квалитетот на наставата. Изготвен е извештај со препораки.<br><br>Во текот на месец јуни-август се спроведоа обуките за наставниците од седмо одделени кои предаваат по новите наставни програми од учебната 2025/2026 година.<br><br>Спроведени се обуки за наставниците на тема „Развој на вештини за работа со ученици кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови, развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците и создавање на позитивна социо – емоционална клима на час". Обучени се 140 наставници од 70 основни училишта во чии паралелки има деца кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови, а ја спроведуваа советници од БРО, лекари, претставници од граѓански сектор, психотерапевт и комуниколог. По спроведените обуки за наставниците, стручен тим на Министерството за образование и наука, БРО, Министерството за здравство и НВО САНО, изработи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | прирачник за наставници за вклучување на учениците на подолго болничко лекување во наставата. Дополнително, изработена е и брошура со корисни совети како за наставниците, така и за учениците и нивните семејства. Прирачникот и брошурата се објавени на веб страната на МОН на 27.11.2025 и се доставени до сите училишта.<br><br>Завршено е истражувањето (врз основа на DigCompEdu). и доставен е финален извештај „***Анализа на дигиталните вештини на наставниците во основните училишта во Македонија",*** во рамки на ПЕИП проектот. Извештајот ќе служи како основа за креирање на специфични приоритетни обуки за наставниците за дигитални вештини.<br><br>На 30.10.2025 МОН и Центарот за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје потпишаа меморандум за соработка кој предвидува искористување на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови за организирање на обуки за наставникот кадар, како и работилници за развој и примена на иновации во образованието со фокус на генеративната вештачка интелигенција. Согласно Меморандумот над 700 наставника беа обучени по 6 часа обука во 4 групи (од 20.11 до 23.12.2025 ). Наставниците се стекнаа со сертификат. Материјалите од обуките се споделени со сите училишта во насока на каскадно обучување на што поголем број на наставници. | |
| **Мерка: Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници / донесување на Закон за измени и дополнувања на законот за наставници и стручни соработници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Закон за измени | **Појдовна основа**<br>240 наставници се имаат стекнато со звање ментор<br>0% од стручните соработници се имаат стекнато со звање ментор<br>Во Законот за изменување и дополнување на ЗОО внесен е основ за изработка на Упатство за следење на работата на стручните соработници | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со кој се доуредува постапката за кариерен развој на стручните соработници е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025.<br><br>Врз основа на измените, на предлог на БРО донесен е Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на стручните | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и дополнувања на законот за наставници и стручни соработници<br>- Изработка на Упатство за следење на стручните соработници од страна на БРО, согласно ЗОО<br>- Објава на јавен повик за напредување во звање ментор<br>- Изготвување на мислење/оценка од страна на БРО и училиштата, по објавениот јавен повик<br>- Објава на ранг листа | **Показател за успешност:**<br>Број на наставници кои напредувале во кариерата според моделот за кариерен развој;<br>Број на стручни соработници кои напредувале во кариерата според моделот за кариерен развој.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>300 наставници се имаат стекнато со звање ментор до крајот на годината<br>Донесено е Упатство за следење на работата на стручните соработници<br>50 стручни соработници се имаат стекнато со звање ментор до крајот на годината | соработници бр. 18-9043/1 од 27.6.2025 г<br><br>На 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025г. усвоена е Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во основните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, наставник-советник и стручен соработник-ментор.<br><br>Донесен е нов Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за пријавување на наставниците и стручните соработници од 15 на 60 дена (имајќи предвид дека е летен распуст и на настаниците/ стручните соработници им е потребен подолг рок за пријавување), објавени во Службен весник на РСМ бр.148 од 23.7.2025г.<br><br>Повиците се објавени на веб страната на МОН на 28.7.2025г. (со рок на пријавување до 23.9.2025г.)<br><br>Комисиите за проценување на апликациите и документацијата на кандидатите за наставник ментор, наставник советник и стручен соработник ментор завршија со разгледување и за кандидарите кои ги исполнија условите доставени се апликациите на мислење и оценка до БРО и училиштата.<br><br>Донесен е Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за доставување на оценки и стручни мислења од БРО и училиштата од 30 на 60 дена (објавени во Службен весник на РСМ бр.263 од 26.12.2025г.) | |
| **Мерка: Програми за поддршка на наставниците од страна на стручниот кадар во училиштата (справување со стрес, мирно решавање конфликти….)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на нов Закон за педагошка служба<br>- Формирање на Национална мрежа на психолози, педагози, специјални едукатори и рехабилитатори (дефектолози), социолози и социјални работници | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени законски измени и подзаконски акти<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен нов Закон за педагошка служба | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Изработен е предлог нов Закон за педагошка служба кој е објавен на ЕНЕР за јавна консултација. Одржана е и средба со Комората на психолози во насока на внесување на нивни забелешки/ коментари на законот.<br><br>На 16.3.2025 Министерството за образование и наука во соработка со УНИЦЕФ, Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје и Комората на психолози до сите училишта доставија насоки за училиштата, наставниците и родителите за давање на психосоцијална поддршка на учениците по трагичниот настан во Кочани. Дополнително обезбедена е зајакната психолошка поддршка за сите училишта (ученици и наставници) во Кочани, Штип, Чешиново-Облешево и околните места од преку 130 психолози, за кои на 21.3.2025 беше обезбедена посебна обука од страна на Комората на психолози.<br><br>Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО, Црвен крст и Комора на психолози за реализација на активности и програми од областа на ментално здравје, психо-социјална поддршка и прва психолошка помош на уечници, наставници, стручни соработници и родители со број на МОН 08-9636/1 од 7.7.2025г | |
| **Мерка: Стипендии за одлични** | **Појдовна основа** | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **студенти на факултети кои образуваат наставници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на стипендии | Доделени се 30 стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на доделени стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени се најмалку 30 стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | Конкурсот за студентски стипендии (за сите категории) за учебната 2025/2026 е објавен на веб страната на МОН на 30.7.2025. Пријавувањето по конкурсот започна од 1.11.2025 до 15.11.2025. Пријавувањето по конкурсот траеше од 1.11.2025 до 15.11.2025. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 10.12.2025 (доделени се 30 стипендии) и исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2025г.<br><br>Од 1.10 до 30.10 се спроведе пријавувањето/продолжување на стипендиите за студентите кои се стекнале со стипендија во некоја од претходните академски години. Продолжените стипендии се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2025г. | |
| **ПОТПРОГРАМА 4**: Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | | | |
| **Мерка: Континуирано професионално усовршување на директорите согласно Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење**<br><br>Предвидени активности:<br>- Имплементација на програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта<br>- Имплементација на новата програма за напредна обука на директори | **Појдовна основа**<br>250 директорите имаат посетено програми за напредна обука<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на директори кои завршиле напредна обука<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>300 директорите имаат посетено програми за напредна обука | **Мерката е реализирана**<br><br>На 11.4.2025г. објавен е Јавен повик за пријавување на директори на училишта за следење напредна обука за 2025 година. 270 директори имаат посетено напредна обука во текот на 2025г.<br><br>Континуирано се спроведува програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта (организирани се обуки и испити) Во месец јули се спроведе 2-та а во месец декември 3-та сесија за кандидатите за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење кои се стекнале со право на полагање на испит. | |
| **Мерка: Подобрување на системот за самоевалуација, интегрална евалуација и изготвување на Развојна програма и годишна** | **Појдовна основа**<br>11 пилот училиштата спроведуваат самоевалуација согласно новите | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати)**<br><br>Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор, во кој се вклучени новите индикатори за следење на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **програма од страна на училиштата (доделување на грантови на училиштата)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Реализација на грантот од страна на 20 училишта (имплементација на активностите од Развојната програма) | индикатори<br>11 пилот училиштата имаат и спроведуваат развојни и годишни програми согласно новите индикатори<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на училишта кои спроведуваат самоевалуација согласно новите индикатори<br>Процент на училишта кои имаат и спроведуваат развојни и годишни програми согласно новите индикатори<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>80 училиштата спроведуваат самоевалуација согласно новите индикатори<br>50% од училиштата имаат и спроведуваат развојни и годишни програми согласно новите индикатори | основните училишта (усогласени со системот на самоевалуација и развојно планирање) е усвоен и објавен во Службен весник бр.87 од 29.4.2025г.<br><br>Од страна на 20те училишта целосно се спроведени активностите согласно доделените грантови за финансирање активности од развојните програми на јавните основни училишта.<br><br>Од страна на сите основни училишта изработени се годишни програми и развојни програми за учебната 2025/2026 врз основа на спроведена самоевалуација. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН** | | | |
| | | | |

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | Подигнување на квалитетот на образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот<br>• Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му |

<table>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2">овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал</td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив на програма/потпрограма: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД<br>Потпрограми:<br>• Зголемување на постигањата на учениците во средното образование<br>• Реформа на средното стручно образование<br>• Подобрен ученички стандард</td><td>Цел на програмата/потпрограмата<br>- Обезбедување квалитетно и инклзуивно средно образование и унапредување на ученичкиот стандард</td><td>Одговорен: Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење<br>Одделение за ученички стандард</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/Активност:</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td colspan="4">ПОТПРОГРАМА 1: Зголемување на постигањата на учениците во средното образование</td></tr>
<tr><td>Мерка: Донесување и имплементација на нов Закон за средно образование<br><br>Предвидени активности:<br>- Усогласување на текстот на Законот со сите релевантни чинители и со НРК<br>- Донесување на Законот за средно образование од страна на Собранието<br>- Донесување на подзаконските акти согласно Законот</td><td>Појдовна основа<br>Подготвен е нов предлог Закон за средно образование<br><br>Показател за успешност:<br>Донесен е нов Закон за средно образование<br><br>Планиран резултат (одредница на годишно ниво):<br>Донесен е нов Закон за средно образование</td><td>Мерката е реализирана<br><br>Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование е усвоен од страна на Собранието на 8.04.2025г. и објавен во Службен весник бр.78/2025 од 11.04.2025г.<br><br>Врз основа на Законот донесени се следниве подзаконски акти:<br>➢ Правилник за начинот на доделувањето на еднократната награда на талентиран и надарен ученик од основно образование, кој учествувал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование и освоил прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународна олимпијади или натпревари, како и учествувал и освоил прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование бр. 18-9669/1 од 7.7.2025<br>➢ Правилник за начинот на пријавување и заштита на ученик кој е изложен на која било од формите на насилство, злоупотреба и</td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | занемарување бр. 18-10074/2 од 17.7.2025<br>➢ Правилник за изменување и дополнување на правилник за нормативот за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи бр. 13-11684/1 од 29.8.2025<br>➢ Правилник за начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови бр. 13-11883/1 од 4.9.2025<br>➢ Правилник за содржината на годишната програма на училиштето бр. 13-11882/1 од 4.9.2025<br>➢ Правилник за формата и содржината на развојната програма на училиштето бр. 13-11881/1 од 4.9.2025<br>➢ Правилник за начинот на кариерното советување и изборот на кариерен советник на учениците бр. 13-11881/1 од 4.9.2025<br>➢ Правилник за начинот на работењето на инклузивниот тим за ученикот бр. 13-12409/1 од 22.9.2025<br>➢ Правилник за начинот на обезбедување на средствата за Меѓународната програма за средно образование (ИБ програма) и програмата за меѓународна матура, која се реализира во јавно средно училишта бр.13-12562/1 од 26.09.2025<br>➢ Правилник за начинот на користење на средствата кои јавното средно училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците по основа на фотографирање на ученици, обезбедување на училишни униформи, обезбедување во и на средното училиште, списанија и стручна литература и слично бр. 13-12625/1 од 29.9.2025<br>➢ Правилник за висината на надоместокот на трошоците во постапката за признавање и еквиваленција и постапката за признавање, се утврдува врз основа на направените реални трошоци бр. 18-12630/1од 29.9.2025<br>➢ Решение за вонредни ученици за јавните средни училишта<br>➢ Одлука за висина на превоз на ученици за релација каде нема обезбедено линиски превоз, за државните училишта<br>➢ Решение за усвојување на Концепцијата за испити на крајот на средното образование бр.13-12804/3 од 10.10.2025<br>➢ Правилник за нормативот за воспитувач бр.18-12937/2 од 10.10.2025<br>➢ Правилник за оценувањето на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма бр.18-13406/1 од 17.10.2025 (Сл.весник бр.216/25 од 21.10.2025)<br>➢ Програмата за полагање на стручниот испит на воспитувачот во средно училиште со ученички дом бр. 18-13599/1 од 24.10.2025 (Сл.весник бр.220/25 од 28.10.2025)<br>➢ Правилник за начинот на спроведување на самоевалуацијата, формата, содржината и начинот на изготвување на извештајот бр. 18-15178/1 од 4.12.2025 (Сл.весник бр.246/2025 од 9.12.2025)<br>➢ Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попречености, организирањето на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | полагањето и оценувањето на испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура бр. 18-15176/1 од 4.12.2025 (Сл.весник бр.246/2025 од 9.12.2025)<br>➢ Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од училишна гимназиска матура, училишна стручна матура и училишна уметничка матура бр. 18-15872/1 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)<br>➢ Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од завршниот испит во средното стручно образование бр. 18-15872/2 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)<br>➢ Правилник за составот и начинот на работа на телата поврзани со сите видови испити за завршување на средното образование бр 18-15872/3 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)<br>➢ Правилник за начинот на реализација на средното образование за вонредни ученици бр 13-16414/1 од 29.12.2025 | |
| **Мерка: Донесување нова Концепција за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на предлог Концепција за средно образование<br>- Јавна расправа по однос на предлог Концепцијата<br>- Донесување на Концепцијата | **Појдовна основа**<br>Концепцијата за средно образование е во фаза на подготовка<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесување на Концепција за средно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена е Концепција за средно образование | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Изработена е предлог Концепција за средно образование и истата на 16.1.2025г. е објавена за јавна расправа на веб страната на БРО и МОН. На 28.05.2025 година се одржа јавна расправа. Врз основа на Јавната расрава од страна на Флозофски факултет доставен е предлог нов наставен план за средно образование. | |
| **Мерка: Изработка на Национална рамка на клучни компетенции за гимназиско образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Националната рамка на клучни компетенции<br>- Усогласување на предлог- | **Појдовна основа**<br>Подготвен е нов предлог Закон за средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени се Национални стандарди за постигањата на учениците | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Од страна на БРО изработен е предлог документ национална рамка на клучните компетенции за учениците во средното обраовање, како составен дел на Концепцијата за средно образование за кој е започната јавна расправа. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Националната рамка со сите засегнати страни<br>- Утврдување на Националната рамка од страна на министерот | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени се национални стандарди за средно образование | | |
| **Мерка: Етапно воведување на нови наставни програми за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на нови наставни програми за прва година гимназиско образование<br>- Обуки за наставниците за новите наставни програми<br>- Воведување на наставните програми од учебната 2025/2026 година | **Појдовна основа**<br>0% од наставните програми се усогласени со новата Концепција и националната рамка на клучни компетенции<br><br>0% од наставниците кои предаваат во прва година гимназиско се обучени за имплементација на новите наставни програми<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на наставни програми усогласени со новата Концепција и националната рамка на клучни компетенции<br>Процент на наставници кои предаваат во прва година гимназиско, обучени за имплементација на новите наставни програми<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>14% од наставните програми се усогласени со новата Концепција и Националната рамка на клучни компетенции (прва година средно гимназиско)<br>90% од наставниците кои предаваат во прва година гимназиско се обучени за имплементација на новите наставни | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати)**<br><br>50% од наставните програми се усогласени со новата Концепција и Националната рамка на клучни компетенции (прва и втора година средно гимназиско)<br>100% од наставниците кои предаваат во прва година гимназиско се обучени за имплементација на новите наставни програми<br><br>Од страна на МОН на 3.4.2025г. донесени се нови наставни програми за прва година средно образование кои започнаа да се применуваат од учебната 2025/2026 година.<br><br>На 26 и 27 август 2025 година, Бирото за развој на образованието организираше обуки на тема „Планирање и реализација на наставата според новите наставни програми за прва година гимназиско образование“. Со овие обуки беа опфатени сите наставници од гимназиските училишта во државата кои во учебната 2025/2026 година ја реализираат наставата според новите наставни програми за прва година гимназиско образование.<br><br>Обуките беа организирани во посебни групи за секој наставен предмет. Наставниците се запознаа со новите наставни програми за прва година гимназиско образование, а особен акцент беше ставен на начинот на планирање и реализирање на наставата, преку примена на современи пристапи и методи на учење карактеристични за секој предмет. Дополнително, наставниците добија насоки за следење и оценување на постигањата на учениците, со цел унапредување на квалитетот на наставниот процес. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | програми | Новите наставни програми за прва година гимназија започна да се применуваат во настава од 1.9.2025. На веб страната на БРО објвени се материјали за поддршка за реализација на новите наставни програми во гимназиско образование (Презентација од обуката за новите пристапи во наставата и начинот на планирање и реализација на наставните програми; обрасци за планирање на реализацијата на наставната програма, обрасци за планирање на часовите, примери за планирање на часовите по сите наставни предмети во прва година гимназиско образование.).<br><br>На предлог на БРО, донесени се нови наставни програми за втора година средно гимназиско образование кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година. Наставните програми се објавени на веб страната на БРО. | |
| **Мерка: Континуирано одржување и надградување на дигиталните системи и системот за образование од далечина (надополнување на порталот Едуино, набавка на опрема...)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Пилотирање и воведување нов ЕМИС<br>- Континуирано ажурирање на порталот Едуино со нови видео содржини/лекции<br>- Континуирано одржување и надградба на националната платформа за образование на далечина<br>- Континуирани обуки за наставниот кадар | **Појдовна основа**<br>0% од училиштата го користат новиот ЕМИС систем<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на училишта кои го употребуваат новиот ЕМИС<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>100% од училиштата го користат новиот ЕМИС систем | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Алатката за online настава активно се користи од страна на училиштата (наставниците и учениците) согласно утврдените потреби, користејќи ги официјалните адреси (schools.mk на наставниците и учениците).<br><br>Во месец јануари (со почеток на второто полугодие) започна пилотирањето на новиот ЕМИС во шест училишта од различен тип (основно/средно/средно струно/ музичко/ училиште со ресурсен центар). Покрај училишните администратори дополнително се вклучени и наставници од овие училишта. Спроведена е обука за советниците од БРО (90 советници) и ЦСОО (10 советници) и за 30 инспектори од ДПИ. Формирана е работна група која го следеше пилотирањето составена со претставници од МОН, БРО, ЦСОО, ДИЦ, ДПИ.<br><br>Од 1 септември 2025, во сите училишта се користи новиот ЕМИС. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Работна група во рамки на БРО изработи упатства за педагошка евиденција согласно функционалностите на новиот ЕМИС: упатство за средно образоваие и упатство за музичко и балетско основно и средно образование. Упатствата се поставени на новиот систем. Дополнително направени се и видео упатства. Спроведени се дополнителни обуки на училишните администратори во текот на месец октомври.<br><br>Вкупен број на внесени содржини евиденција на час: 7.842.437<br>Вкупен број на креирани распореди: 15.326<br>Вкупен број на запишани изостаноци 2.707.440<br>Вкупен број на регистрирани корисници 2.744.60<br>Вкупен број на успешни најавувања на порталот за родители: 1.364.775<br><br>Пуштена е во употреба мобилната верзија за е-дневникот (за андроид и ајфон корисници) за родители/старатели. Развиен е модулот за слободен изборен предмет согласно Водичот за слободни изборни предмети изработен од БРО, за да се почитува изборот на учениците. Развиен е модулот за размена на податоци со Државен завод за статистика.<br><br>Во соработка со Универзитетот Гоце Делчев изработен е Водич за вештачка интелигенција (наменет за наставниците и учениците). Водичот претставува основа за запознавање со вештачката интелигенција, принципите на работа на алатките базирани на вештачка интелигенција и можностите за нивна примена. Водичот е јавно промовиран на 5.9.2025 и доставен до сите училишта.<br><br>Спроведена е обуката на тема: „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава", од страна на акредитираниот понудувач на услуга ОЗ ИНВЕСТ, Скопје. Обуката заврши во месец август (се спроведуваше јуни, јули и август) и со неа се опфатени сите наставници од средните училишта. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Етапно воведување на настава во една смена, инвестирање во инфраструктура во средните училишта (реконструкција на средни училишта, реконструкција на училишни спортски сали, подобрување на инфраструктурните услови за пристап на ученици со попреченост)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Програма за инвестиции (изградба и реконструкција на средни училишта)<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училишта, доградба на нови училници.. | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на инфраструктурните услови во некои училишта.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени инфраструктурни услови во училиштата преку реконструкција на училишта | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>На 43-та седница на Владата, одржана на 14.1.2025г. донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2025 („Службен весник" бр.8/25 од 14.1.2025)<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2025 година (објавен на системот на БЈН на 22.1.2025), во кој се вклучени капитални инвестиции.<br><br>Во тек е изградба на нов училишен објект<br>1. СОУ „Сами Фрашери", Куманово<br><br>Завршена е реконструкција на вкупно 5 училишни објекти, а започната и во тек е реконструкција на 3 средни училишта.<br><br>Објавена е постапка за изработка на проектна документација за реконструкција и адаптација на 4 регионални центри и постапка за изработка на ревизија на проектна документација за реконструкција и адаптација на 4 регионални центри.<br><br>На 138-та седница на Владата одржана на 23.12.2025г. усвоен е Закон за задолжување на РС Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали (20.000.000 евра за изградба на нови училишни спортски сали). Законот е доставен во собраниска процедура<br><br>Врз основа на одобрениот грант за „Подобрување на условите за учење во училиштата во Република Северна Македонија преку зелена енергија" од Зелен социјален инвестициски фонд (GSIF) основан од Банката за развој при Советот на Европа - ЦЕБ, завршена е јавната набавка за услуги за изработка на физибилити студија за утврдување на капацитетот на енергетска ефикасност во училиштата во земјата. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Учество во меѓународни тестирања (PISA 2025)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Подготовка на училиштата за учество во ПИСА<br>- Спроведување на ПИСА тестирањето<br>- Достава на податоците до ОЕЦД | **Појдовна основа:**<br>Од вкупно 81 држава кои беа дел од тестирањето ПИСА 2022, Република Сееверна Македонија е на 61-то место според резултатите по математика (со постигнати 389 поени), на 71-то место според резултатите по читање со разбирање (со постигнати 359 поени). и на 68-то место според резултатите по природни науки (со постигнати 380 поени).<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на подобрување на резултатите во ПИСА тестирањето<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Учество во ПИСА 2025 тестирањето | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Училиштата постапуваа по Насоките за унапредување на наставата и подобрување на резултатите на учениците во согласност со меѓународните стандарди за тестирање, подготвени од страна на БРО во месец ноември/декември 2025г.<br><br>Во текот на месеците април и мај, Државен испитен центар го спроведе ПИСА тестирањето 2025. 125 училишта и околу 7.500 ученици на возраст од 15 години беа опфатени со тестирањето во чиј фокус во овој циклус се природните науки, наспроти мајчиниот јазик и познавањето на математиката. Податоците од спроведеното тестирање ПИСА 2025, се доставени до ОЕЦД.<br><br>МОН и ДИЦ дадоа позитивно мислење до ОЕЦД за учество во ПИСА тестирањето 2029 | |
| **Мерка: Формирање на посебни центри за поддршка за работа со талентирани и надарени ученици и наградување на најдобрите ученици и нивните наставници и покривање на трошоци за учество на меѓународни натпревари**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици во средното образование.<br>- Изработка на подзаконски акт за доделување на стипендија/ награда | **Појдовна основа:**<br>Доделени се награди на 15 ученика за освоен златен (1), сребрен (2) и бронзен (12) медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) во 2024<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на наградени ученици на меѓународни олимпијади<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени се награди на сите ученика кои освоиле златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Спроведен е Јавиот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата. Одобрени и исплатени се еднократни парични награди за 16 ученика, 16 наставника и за 16 ментори кои го подготвувале ученикот за еден златен медал (пет просечни плати), 5 сребрени медали (четири просечни плати) и 10 бронзени медали (три просечни плати)<br><br>Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од обласла на математиката и природните науки во средно образование. Одобрени и исплатени се парични награди за 23 ученика, 23 наставника и 21 ментор кои го подготвувале | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Доделување на награда за освоено прво, второ или трето место или медална меѓународни натпревари и олимпијади<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари<br>- Објава на јавен повик за акредитирани здруженија на наставници за учество на меѓународен натпревар за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар<br>- Објава на јавен повик за акредитирани здруженија на наставници за организација на олимпијада во земјата | олимпијади (International Science Olympiad) во 2025 | ученикот за 5 први места, 3 втори места и 15 трети места.<br><br>Во постапката за аплицирање за парична награда за освоени медали на меѓународни научни олимпијади и на награди и медали на меѓународни натпревари од областа на математиката, информатиката и природните науки, за прв пат аплицирањето беше целосно електронски со пријава преку http://e-uslugi.mon.gov.mk.<br><br>Завршена е постапката по јавниот повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта.<br><br>Во текот на 2025 континуирано се постапуваше и се исплаќаа/доделуваа парични награди за освоено прво место на државен натпревар организиран во текот на 2025г. (за средно образование).<br><br>Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025) во кој е уреден основот за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар на ученици од средно образование и основот со кој на акредитирано здружение на наставници, кое е организатор на меѓународна олимпијада која се одржува во Република Северна Македонија, Министерството може да му додели средства за трошоците за организирање на меѓународната олимпијада, по поднесено барање до Министерството.<br><br>Врз основа на измените на Законот донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на една меѓународна научна олимпијада (Сл.весник бр.96/2025 од 14.5.2025)<br><br>На 15.5.2025 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | покривање на трошоци за котизација и пат за учество на една од 15 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) во текот на 2025 година, со рок на пријавување (електронски) до 31.10.2025г. Врз основа на јавниот повик, до МОН пристигнати и одобрени се шест барања, од шест здруженија на наставници (физичари, математичари, ИТ, биолози, хемичари и филозофи) истите се одобрени и исплатени (во вкупен износ од 3.417.000 мкд).<br><br>Врз основа на измените на Законот за средно образование, за прв пат е донесен Правилник за начинот на доделување на еднократна награда на талентиран и надарен ученик од основно образование, кој учествувал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование и освоил прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународни олимпијади или натпревари, како и учествувал и освоил прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование бр.18-9669/1 од 7.7.2025г.<br><br>Дополнително за прв пат од страна на МОН, а согласно измените на законот за средно образование донесено е Решение за доделување на средства за финанирање на меѓународен натпревар кој се организира во Македонија, на акредитирано здружение (Здружение на физичари). | |
| **Мерка: Инклузија на ученици со посебни образовни потреби**<br><br>Предвидени активности:<br><br>- Формирање на инклузивни тимови во училиштата<br>- Подготовка на индивидуални наставни планови/модифицирани наставни програми | **Појдовна основа**<br>60% од училиштата имаат функционални инклузивни тимови<br><br>Не е воведен системот за проценка на лица со попреченост за учениците во средно образование, во насока на обезбедување образовни асистенти преку МОН/ училишта со ресурсен центар | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати)**<br><br>Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.) за прв пат е даден основ за ангажирање на образовни асистенти од страна на средните училишта со ресурсни центри, за ученици запишани во средните училишта.<br><br>Врз основа на законските одредби донесени се следните подзаконски акти:<br>➢ Правилник за начинот на побарување на образовна асистенција и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Ангажирање образовни асистенти<br>- Трансформација на државните средни училишта за деца со попречености во државни средни училишта со ресурсен центар | 0% од државните средни училишта за ученици со попреченост се трансформирани во средни училишта со ресурсен центар<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на училишта кои имаат фукционални инклузивни тимови<br><br>Процент на ученици со попреченост, за кои се обезбедени образовни асистенти<br><br>Процент на државни средни училишта за ученици со попреченост кои се трансформирани во средни училишта со ресурсен центар<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>100% од училиштата имаат функционални инклузивни тимови<br><br>За 100% од учениците со попреченост, за кои има препорака од системот за проценка на лица со попреченост за асистент, се обезбедени образовни асистенти<br><br>100% од државните средни училишта за ученици со попреченост се трансформирани во средни училишта со ресурсен центар | начинот на селекција и избор на образовен асистент, како и програмата за обука на образовен асистент за средно образование со бр. 13-3853/5 од 10.6.2025;<br>➢ Правилник за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи, за средно образование бр. 13-3853/6 од 16.6.2025 и измена на Правилник со бр. 13-11684/1 од 29.8.2025г.<br>➢ Правилник за начинот на работењето на инклузивниот тим за ученикот бр.13-12409/1 од 22.9.2025<br>- Правилник за оценувањето на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма бр.18-13406/1 од 17.10.2025 (Сл.весник бр.216/25 од 21.10.2025)<br>- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, **прилагодувањето за учениците со попречености,** организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура бр. 18-15176/1 од 4.12.2025 (Сл.весник бр.246/2025 од 9.12.2025)<br>- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, **прилагодувањето за учениците со попреченост/и**, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од училишна гимназиска матура, училишна стручна матура и училишна уметничка матура бр. 18-15872/1 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)<br>- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, **прилагодувањето за учениците со попреченост/и,** организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од завршниот испит во средното стручно образование бр. 18-15872/2 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)<br><br>Со ребалансот на буџетот (јули 2025), отворена е нова програма 37 за инклузивно средно образование и обезбедени се средства за образовни асистенти за средно образование за учебната 2025/2026. Поднесени се барањата за 150 согласности до МФ и истите се одобрени на 30.7.2025.<br><br>Во сите училишта формирани се инклузивни тимови.<br><br>Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование, државите училишта за ученици со попреченост продолжуваат со работа како државни средни училишта со ресурсен центар, од учебната 2025/2026 година. Врз основа на законските одредби одобрени се статутите на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ДСУ„Димитар Влахов", ДСУ Искра, ДСУ „Наум Охридски" и ДСУ „Партение Зографски", со што овие четири училишта се трансформираа во училиште со ресурсен центар., почнувајќи од 1 септември.<br><br>Донесено е и Решение за реонизација на училиштата со ресурсни центри и редовните средни училишта.<br><br>На 15.10.2025г. заврши пријавувањето по Конкурсот за стипендии за ученици со посебни потреби. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 17.11.2025г. Доделени се вкупно 180 стипендии. | |
| **Мерка: Безбедни ученици: Изработка и донесување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство вклучително и врсничко насилство, злоупотреба и занемарување во средните училишта и ученички домови**<br><br>Предвидени активности:<br>- Во Законот за средно образование внесен е основ за изработка и донесување на Упатство<br>- Изработка и донесување на Упатството<br>- Спроведување на обука за училиштата-директори, наставници и стручни соработници..<br>- Имплементација на програмата за унапредување на менталното здравје | **Појдовна основа**<br>Процент на училиштата кои го имплементираат упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>50% од училиштата го имплементираат упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство | **Мерката континуирано се спроведува (индикаторот е постигнат)**<br><br>Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование ставен е основ за изработка и донесување на akt за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Законот е донесен од страна на Собранието на 8.4.2025г. и објавен во Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г<br><br>Врз основа на измената на Законот донесен е Правилник за начинот на пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба и занемарување бр. 18-10074/2 од 17.7.2025г. (како посилен правен акт од Упатство). Од страна на БРО, Правилникот е доставен до Мрежата на обучувачи (наставници и стручни соработници) кои понатаму ќе спроведуваат обуки со останатите наставници и стручни соработници<br><br>Донесен е и нов Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции бр.18-6656/3 од 3.7.2025 (Службен весник бр.139 од 10.7.2025г.) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Зајакнување на капацитети на ДПИ за постапување во случаи на пријавено насилство и дискриминација.... | | Врз основа на склучениот Меморандум за соработка помеѓу МОН, Коалиција на младински организации Сега и Детска фондација Песталоци продолжи реализацијата на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во 26 основни и 24 средни училишта.<br><br>Континуирано се постапува по пријавите доставени на маил адреса prijavinasisltvo@mon.gov.mk | |
| **Мерка: Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/ интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција (согласно ЗСО, стандардите за итеркултурно образоваие и Упатството за организирање на заеднички наставни часови)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Јавен повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.<br>- Имплементација на Упатството за организирање на заеднички наставни часови<br>- Зајакнување на капацитети на | **Појдовна основа**<br>Доделени грантови на 20 училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/ интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на грантови на училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/ интеракција и унапредување<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени грантови на најмалку 25 училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/ интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција | **Мерката е реализирана**<br><br>Врз основа на измените на Законот за средно образование со кои средствата за активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција кои ги доделува МОН се зголемени од „30.000 денари” на „две просечни нето-плати исплатени по работник во Републиката во претходната година”, донесено е Решение бр.18-13862/1 од 30.10.2025 од министерката за образование и наука за висина на грант од 60.000 мкд<br><br>На 31.10.2025 Јавниот повик е објавен на веб страната на МОН. Пристигнати се 43 апликации од средните училишта<br><br>МОН со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше две регионални информативни средби (19.11 во Тетово и 21.11 во Велес) поврзани со новите услови и критериуми за доделување грантови за унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштата, вклучувајќи го и зголемениот износ на поддршката. Дополнително, на овие средби беа претставени и локалните совети за превенција, кои споделија искуства и примери на успешни практики во создавање на безбедна и поддржувачка училишна средина. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПИ за интеркултурно образование | | | |
| **Мерка: Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) , намалување на осипувањето, ангажирање на образовни медијатори и поддршка за надоместување на знаењето**<br><br>Предвидени активности:<br>- Внесување на одредба во Законот за средно образование за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани<br>- Доделување на стипендии за ученици од ранливи категории за учебната 2025/2026<br>- Ангажирање на Образовни медијатори за ученици Роми за учебната 2025/2026 | **Појдовна основа**<br>Доделени се стипендии за 934 ученици Роми за учебната 2024/2025 година<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на стипендии за ученици Роми<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени се стипендии за најмалку 950 ученици Роми за учебната 2025/2026 година | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат и надминат)**<br><br>Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование внесена е одредба за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани и за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми. Законот е донесен од страна на Собранието на 8.4.2025г. и објавен во Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.<br><br>Согласно измените на Законот објавен е за прв пат Повик за ангажирање на 35 образовни медијатори за средно образование.<br><br>Одлуката за доделување на ученички стипендии за учебната 2025/2026 година е усвоена од страна на Владата на 90-та седница одржана на 8.7.2025г. (објавена во Службен весник бр.140 од 11.7.2025). Конкурсот е објавен на 30.7.2025г.<br><br>На 15.10.2025г. заврши пријавувањето по Конкурсот за стипендии за ученици Роми (во четири категории). Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 19.11.2025г. Доделени се вкупно 1.104 стипендии.<br><br>На 15.10.2025г. заврши пријавувањето по Конкурсот за стипендии за ученици за деца без родители и родителска грижа. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 17.11.2025г. Доделени се вкупно 19 стипендии.<br><br>На 15.10.2025г. заврши пријавувањето по Конкурсот за стипендии за ученици од социјалните категории. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 2.12.2025г. Доделени се вкупно 900 стипендии. | |
| **Мерка: Учебник за секој ученик** | **Појдовна основа** | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати)** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Анализа и изработка на нови учебници и дидактички материјали во средно образование (особено од аспект на заштита од дискриминација по било кој основ).<br>- Изработка на дополнителен дигитализиран наставен материјал со интерактивни содржини, аудиосодржини и гејмифицирани програми...<br>- Донесување на подзаконските акти согласно новиот Закон за учебници во основно и средно образование<br>- Изработка и донесување на Концепција за учебници и други наставни и дидактички материјали и Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали | 0% од учениците користат релевантни и модерни учебници, согласно новите наставни програми<br><br>0% од учебниците се дигитализирани и достапни онлајн<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на ученици кои користат квалитетни, модерни учебници согласно новите наставни програми<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>26% од учениците користат релевантни и модерни учебници, согласно новите наставни програми (прва година средно гимназиско)<br><br>20% од учебниците и наставните материјали се дигитализирани и достапни онлајн | Законот за учебници во основното и средното образование е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г. Новиот закон обезбедува изработка на учебници со поквалитетна содржина, намалување на веројатноста за појава на грешки.<br><br>Донесена е Концепција за изработка на учебници (утврдена со решение од министерката од 16.1.2025г.) и истата е објавена на веб страната на МОН и доставена до сите извадачки куќи.<br><br>Од страна на МОН донесена е Методологија за вреднување на учебници, изработена на предлог на БРО и ЦСОО, со бр.18-5577/1 од 10.4.2025г.<br><br>На 45-та седница на Владата, одржана на 21.1.2025 донесена е Уредбата за утврдување на каталошка цена на учебник (согласно новиот Закон за учебници)<br><br>Изработена и донесена е Процедура за начинот на спроведување на постапката за одобрување на учебници по странски јазици бр.26-1238/1 од 27.11.2025г<br><br>Донесени се следните подзаконски акти:<br>✓ Правилник за начинот на запишување во базата на рецензенти и начинот на работа на рецензенти<br>✓ Правилник за формата и содржината на Каталогот на одобрени учебници (објавени во Службен весник бр.13 од 22/1/2025г.)<br>✓ Правилник за начинот на одобрувањето на работна тетратка за употреба во училиштата и<br>✓ Правилник за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во основните и средните училишта (објавени на веб страната на МОН).<br><br>На 4.4.2025 објавен е Конкурс за учебници за прва година гимназиско образование, а на 19.5.2025 објавен е Конкурс за учебник по историја за прва година (кои се применуваат во настава од учебната 2025/2026). Постапките за одобрување се завршени, учебниците се набавени согласно ЗЈН и доставени до | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | сите училишта. Со тоа е исполнет индикаторот односно 26% од учениците користат релевантни и модерни учебници, согласно новите наставни програми (прва година средно гимназиско)<br><br>Во вториот квартал, завршена е постапката согласно јавната набавка за печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование за учебната 2025/26 и 2026/27 година и склучена е рамковна спогодба.<br><br>Завршена е Јавната набавка за превентивно и адаптивно одржување на платформата за дигитални учебници. Платформата за дигитални учебници се користи во наставата<br><br>На 29.10.2025, 4.11.2025, 9.12.2025 и 15.12.2025 објавени се Конкурси за нови учебници за втора година гимназија, согласно новите наставни програми, кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година.<br><br>Континуирано се спроведуваа постапки за одобрување на учебници за средно стручно образование од страна на Националната комисија за учебници, како и графичко-техничко уредување на ново одобрените учебници. | |
| **Мерка: Професионална ориентација и кариерно советување на ученикот (модерни кариерни центри)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Уредување на кариерното советување во новиот Закон за средно образование (тим за кариерно советување, кариерен советник....)<br>- Утврдување на начинот на кариерното советување и изборот на кариерен советник на учениците (подзаконски | **Појдовна основа**<br>0% од средните училиштата имаат годишната програма за работа на кариерниот советник<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на училишта кои имплементираат кариерно советување<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>90% од училиштата имаат годишната програма за работа на кариерниот | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Кариерното советување е уредено во Законот за изменување и дополнување на Закон за средното образование (Службен всник бр.78/2025 од 11.04.2025г.<br><br>Врз основа на законските измени, донесен е Правилник за начинот на кариерно советување и избор на кариерен советник на учениците бр.13-3853/4 од 10.6.2025г. (објавен на веб страната на МОН и доставен до сите средни учииишта со насоки за определување на кариерен советник на ниво на училиште). Врз основа на Правилникот сите училишта определија кариерен советник и формираа тим за кариерно советување почнувајќи од учебната 2025/2026г. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| акт)<br>- Изработка на годишната програма за работа на кариерниот советник од страна на училиштата | советник | Од страна на БРО донесено е Упатство бр.02-1402/2 од 6.11.2025 за работа на кариерните советници во јавните средни училишта (објавено на веб страната на МОН и доставено до сите училишта). Од страна на кариерните советници изработени се програми за работа.<br><br>БРО избра провајдер за спроведување на обуката/приоритена програма за стручните соработници во средно образование на тема: „Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците“. Со обуката се опфатени 460 стручни соработници и кариерни советници.<br><br>Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Здружението Асоцијација на советници за развој кариера - АСК од Скопје за спроведување на обуки за кариерните советници. Обуките се спроведоа во месец ноември (13 и 14 за првата група и 17 и 18 за втората група). | |
| **Мерка: Социо-емоционална поддршка на учениците и родителите**<br><br>Предвидени активности:<br>- Утврдување на Програма за часот на заедница со содржини за личниот и социо-емоционалниот развој на учениците, здравствената заштита на учениците, етичкото однесување и општеств. одговорност.<br>- | **Појдовна основа:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за наставници и стручни соработници | **Мерката е во фаза на реализација**<br><br>Изработен е предлог нов Закон за педагошка служба кој е објавен на ЕНЕР за јавна консултација. Одржана е и средба со Комората на психолози во насока на внесување на нивни забелешки/ коментари на законот.<br><br>На 16.3.2025 Министерството за образование и наука во соработка со УНИЦЕФ, Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје и Комората на психолози до сите училишта доставија насоки за училиштата, наставниците и родителите за давање на психосоцијална поддршка на учениците по трагичниот настан во Кочани. Дополнително обезбедена е зајакната психолошка поддршка за сите училишта (ученици и наставници) во Кочани, Штип, Чешиново-Облешево и околните места од преку 130 психолози, за кои на 21.3.2025 беше обезбедена посебна обука од страна на Комората на психолози. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО, Црвен крст и Комора на психолози за реализација на активности и програми од областа на ментално здравје, психо-социјална поддршка и прва психолошка помош на уечници, наставници, стручни соработници и родители со број на МОН 08-9636/1 од 7.7.2025г | |
| **Мерка: Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во средното образование (Центар за обука и развој на наставниците и стручните соработници)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука за стручно усовршување на наставници и стручни соработници<br>- Акредитацијата на програми за обука од страна на БРО | **Појдовна основа:**<br>2000 наставниците поминаа обука на тема „Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата" во 2024г.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за наставници и стручни соработници<br>Донесена Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>Изготвен е Каталог на акредитирани обуки<br>3500 наставници се обучени во текот на 2025г. | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати и надминати)**<br><br>Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)<br><br>Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)<br><br>Од страна на БРО спроведена е постапка за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во средно образование, за три програми од кои две приоритетни програми за наставници: „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава" и „Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици" и една приоритетна програма за стручни соработници: „Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците".<br><br>Обучени се 5.771 наставник (3.924 жени и 1.847 мажи) во средно образование преку 262 обуки на тема „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава" и 5.732 наставника (3.729 жени и 2.003 мажи) преку 240 обуки на тема„Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици". | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Обучени се 486 стручни соработници и кариерни советници (409 жени и 77 мажи) преку 20 обуки на тема „Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците“. | |
| **Мерка: Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Закон за измени и дополнувања на Законот за наставници и стручни соработници<br>- Објавување на јавен повик за напредување во звање<br>- Формирање на Комисија за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди за звањата ментор<br>- Изготвување на мислење/оценка од страна на БРО/ ЦРСО и училиштата | **Показател за успешност:**<br>Имплементиран е моделот за кариерен развој на наставниците и стручните соработници и обезбеден е нивен континуиран професионален развој;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Имплементиран е системот за кариерен развој (објавен повик за ментори) | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование во кој е уреден основот за подзаконските акти за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници при кариерен разој, е усвоен од Собранието на 08 април (Службен весник на РСМ, бр. 78 од 11.4.2025 година).<br><br>Врз основа на законските измени донесени се Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на наставниците во средните училишта бр.18-9121/1 од 30.6.2025 и Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на стручните соработници во средните училишта бр.18-9122/1 од 30.6.2025<br><br>На 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025 донесена е Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор (објавени во Службен весник бр.129/2025)<br><br>Донесен е нов Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник- | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за пријавување на наставниците и стручните соработници од 15 на 60 дена (имајќи предвид дека е летен распуст и на настаниците/ стручните соработници им е потребен подолг рок за пријавување), објавени во Службен весник на РСМ бр.148 од 23.7.2025г.<br><br>Повиците се објавени на веб страната на МОН на 28.7.2025г. со рок на пријавување до 23.9.2025<br><br>Комисиите за проценување на апликациите и документацијата на кандидатите за наставник ментор и стручен соработник ментор завршија со разгледување и за кандидарите кои ги исполнија условите доставени се на мислење и оценка до БРО, ЦРСО и училиштата.<br><br>Донесен е Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за доставување на оценки и стручни мислења од БРО и училиштата од 30 на 60 дена (објавени во Службен весник на РСМ бр.263 од 26.12.2025г.) | |
| **Мерка: Програми за поддршка на наставниците од страна на стручниот кадар во училиштата (справување со стрес, мирно** | **Појдовна основа:** /<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Работната група, составена од сите релевантни чинители, продолжи да работи на измени и дополнувања на Законот за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **решавање конфликти….)**<br>Предвидени активности:<br>- Донесување на измени на Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта<br>- Изработка на програми за поддршка | Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за наставници и стручни соработници | наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.<br><br>Изработен е предлог нов Закон за педагошка служба кој е објавен на ЕНЕР за јавна консултација. Одржана е и средба со Комората на психолози во насока на внесување на нивни забелешки/ коментари на законот.<br><br>На 16.3.2025 Министерството за образование и наука во соработка со УНИЦЕФ, Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје и Комората на психолози до сите училишта доставија насоки за училиштата, наставниците и родителите за давање на психосоцијална поддршка на учениците по трагичниот настан во Кочани. Дополнително обезбедена е зајакната психолошка поддршка за сите училишта (ученици и наставници) во Кочани, Штип, Чешиново-Облешево и околните места од преку 130 психолози, за кои на 21.3.2025 беше обезбедена посебна обука од страна на Комората на психолози.<br><br>Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО, Црвен крст и Комора на психолози за реализација на активности и програми од областа на ментално здравје, психо-социјална поддршка и прва психолошка помош на уечници, наставници, стручни соработници и родители со број на МОН 08-9636/1 од 7.7.2025г | |
| **Мерка: Стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на стипендии | **Појдовна основа**<br>Доделени се 30 стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници<br><br>**Планиран резултат (одредница на** | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Конкурсот за студентски стипендии (за сите категории) за учебната 2025/2026 е објавен на веб страната на МОН на 30.7.2025. Пријавувањето по конкурсот траеше од 1.11.2025 до 15.11.2025. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 10.12.2025. Доделени се 30 стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници и исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2025г. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **годишно ниво):**<br>Доделени се најмалку 30 стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | Од 1.10 до 30.10 се спроведе пријавувањето/ продолжување на стипендиите за студентите кои се стекнале со стипендија во некоја од претходните академски години. Продолжените стипендии се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2025г. | |
| **Мерка: Современи педагошки факултети/ факултети кои образоваат наставници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на работна група за измени и дополнувања на Законот за високо-образовни установи за наставници | **Појдовна основа: /**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво): /** | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Измени и дополнувања на Законот за високо-образовни установи за наставници ќе бидат изработени заедно со измени и дополнувања на законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта. | |
| **Мерка: Имплементација на новата формула за финансирање на средните училишта (зајакнување на капацитетите на општините)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на уредби за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за средно образование по општини за 2026 година, согласно новата методологија (формула) за финансирање што во основа се базира на трошоци по стандард и оптимизација на мрежата на училишни објекти, според моделот за воведување на новите формули за блок дотации за основно и средно образование. | **Појдовна основа**<br>Моделот за финансирање на средните училишта е застарен и не ја отсликува реалната состојба и потребите на училиштата. 0% од средните училиштата ја имплементираат новата формула за финансирање<br><br>**Показател за успешност:**<br>Утврдување нов модел за финансирање за средно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена нова методологија за финансирање во основното образование со изготвувањето на националниот буџет за 2026 година | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>На 11.7.2025 одржан е состанок во ЗЕЛС, на кој е разгледана и позитивно оценета новата формула за финансирање во средно образование<br><br>Уредбата за финансирање на средното образование (нова формула) е разгледана на седница на Комисијата за финансирање на единците на локална самоуправа и по истата е добиено позитивно мислење. Уредбата е усвоена од страна на Владата на 97-та седница, одржана на 29.7.2025г.<br><br>Усвоен е Буџетот за 2026г. во кој е предвидена распределба на блок дотации по општините согласно новата Уредбата за финансирање на средното образование (нова формула).<br><br>Развиен е модулот во рамки на новиот ЕМИС за пресметка на новата формула.<br><br>Реализирани се обуки за вработените во општините (ноември и декември). | |
| | | | |

| **ПОТПРОГРАМА 2:** Реформа на средното стручно образование | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Имплементација на новиот Закон за стручно образование и обука**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на подзаконските акти за СОО кои произлегуваат од новиот закон | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов текст на Законот за СОО<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесување подзаконски акти согласно новиот Закон за стручно образование и обука<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени се подзаконските акти согласно новиот ЗСОО | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Законот за стручно образование и обука е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г.<br><br>Врз основа на Законот донесена е нова Концепција за стручно образование со Решение на министерката за образование и наука бр. 13-7244/4 од 27.5.2025г. (објавена на веб страната на МОН)<br><br>Со Решение на министерката бр.13-7224/5 од 27.5.2025 донесен е модел на наставна програма за стручно обраозвание.<br><br>Донесени се следните подзаконски акти:<br>➢ Правилник за начинот на распределба на средствата на Државните средни училишта - регионални центри за стручно образование и обука<br>➢ Правилник за начинот на распределба на средствата од сопствените приходи во државно средно училиште регионален центар за стручно образование<br>➢ Правилник за начинот на определување на координатор за практично образование бр.13-7745/1 од 2.6.2025г.<br>➢ Правилник за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција за реализација на учење преку работа кај работодавач и феријална практика, во установите за стручно образование и обука во кои што се изведува практично образование за учениците бр. 18-10965/1 од 6.8.2025г. (Службен весник бр.168/2025 од 11.8.2025г.)<br>➢ Правилник за начинот на поднесувањето и содржината на иницијативата, како и поблиските критериуми за давање мислење за иницијативата за дуално образование бр. 18-11060/1 од 8.8.2025г. (Службен весник бр.169/2025 од 12.8.2025г.)<br>➢ Правилник за содржината и формата на Изјавата за сериозност од работодавачот и упатство за нејзино пополнување бр.18-11124/1 од 11.8.2025г. објавен на веб страната на МОН<br>➢ Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практично образование бр. 18-12537/1 од 25.9.2025г. (Службен весник бр.200/2025 од 29.9.2025г.)<br>➢ Програма за обука на ментори за практично образование бр.13-16105/1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 22.12.2025<br>➢ Правилник за начинот на реализацијата на обуката за обучувач на ментор, како и формата и содржината на сертификатот за завршена обука за обучувач на ментор бр.13-16104/1 од 22.12.2025<br>➢ Правилник за формата и содржината на договорот со кој се уредуваат правата и обврските на установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот бр. 13-16106/1 од 22.12.2025<br>➢ Правилник за начинот на вршење на стручниот надзор над работата на установите за стручно образование и обука и работодавачите, од страна на Центарот во делот на стручните предмети и практичното образование. бр. 13-16149/1 од 23.12.2025<br>➢ Правилник за начинот на реализацијата на обуката за ментор, утврдувањето на исполнетоста на нормативите и стандардите за организирање на обука за ментор, како и формата и содржината на сертификатот за завршена обука за ментор, бр. 18-16168/1 од 24.12.2025<br>➢ Правилник за стандарди и нормативи за акредитација на установа за специјалистичко образование бр. 13-16291/1 од 25.12.2025 | |
| **Мерка. Промотивни активности за стручно образование и обука**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на консултации со бизнис заедницата во поглед на квотите за упис по определени профили<br>- Зајакнати капацитетите на општините за анализа на потребите на бизнис заедницата при утврдување на квоти за упис во средно образование | **Појдовна основа:**<br>Донесен е нов текст на Законот за СОО<br>560 компании учествуваат во системот на дуално образование и/или учење преку работа<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на компании вклучени во системот на учење преку работа (практична настава и обука, феријална пракса, дуални паралелки)<br><br>Вклучен број на ученици во регионалните центри<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>620 компании учествуваат во системот на дуално образование и/или учење преку работа | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати и надминати)**<br><br>Локалните самоуправи и коморите го спроведоа социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно" за утврдување на реалните потреби за стручни профили во средните стручни училишта за учебната 2025/2026 година.<br><br>Конкурсот за упис на ученици е објавен на 28.3.2025г. Вклучени се 700 компании | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Конкурсот за упис во средно образование е усогласен со потребите на пазарот на труд | | |
| **Мерка: Развиени се седум регионални центри за средно стручно образование (во југозападниот, североисточниот, полошкиот, југоисточниот и вардарски плански регион) целосно опремени за обезбедување на квалитетни услуги**<br><br>Предвидени активности:<br>- Реконструкција на регионалните центри<br>- Набавка на потребната опрема<br>- Спроведена обука за наставниот и стручниот кадар во регионалните центри | **Појдовна основа:**<br>5 регионални центри се развиени и функционални кои опфаќаат 3615 ученици<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на развиени регионални центри за средно стручно образование.<br><br>Вклучен број на ученици во регионалните центри<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>7 развиени и функционални регионални центри за средно стручно образование кои опфаќаат 5000 ученици | **Мерката е во тек на реализација (индикаторот е постигнат)**<br><br>Завршена е постапката за набавка на ИТ опрема за потребите на регионалниот центар: РЦСОО „Моша Пијаде“ – Тетово и истата е доставена и монтирана во регионалниот центар.<br><br>Завршена е целосно постапката за набавка транспорт и монтажа на разновидна опрема (согласно квалификациите/ струките на училиштето) за потребите на РЦСО Киро Бурназ, Куманово. Опремата е доставена и монтирана во училиштето.<br><br>Завршена е целосно постапката за набавка, транспорт и монтажа на електромеханичка опрема за потребите на РЦСОО Моша Пијаде Тетово, опремата е испорачана и монтирана во училиштето.<br><br>Завршена е целосно постапката за набавка на училишен мебел за потребите на регионалниот центар: РЦСОО „Моша Пијаде“ – Тетово и истиот е доставен во училиштето.<br><br>Завршена е целосно постапката за набавка транспорт и монтажа на угостителска опрема за потребите на РЦСО Ванчо Питошески, Охрид. Опремата е доставена и монтирана во училиштето.<br><br>Завршена е постапката по Огласот за избор на економски оператор/изведувач на проектната документација/ проекти за реконструкција на четири регионални центри (Велес, Струмица, Штип и Битола). | |
| **Мерка: Учење базирано на работа и дуално стручно образование**<br><br>Предвидени активности: | **Појдовна основа:**<br>Донесен е нов текст на Законот за СОО<br>560 компании учествуваат во системот на дуално образование и/или учење преку | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати и надминати)**<br><br>Во прилог на Конкурсот за упис на ученици во средно | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Имплементација на Концептот за учење преку работа<br>- Вклучување на компаниите во системот на учење преку работа (практична настава и обука, феријална пракса, дуални паралелки) | работа<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на компании вклучени во системот на учење преку работа (практична настава и обука, феријална пракса, дуални паралелки)<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>620 компании учествуваат во системот на дуално образование и/или учење преку работа<br><br>Конкурсот за упис во средно образование е усогласен со потребите на пазарот на труд | образование во учебната 2025/2026 година, објавена е и листа на компании (700) за учење преку работа.<br><br>Донесен е Правилник за начинот на определување на координатор за практично образование бр.13-7745/1 од 2.6.2025г. (чија услога е соработка со компаниите). Правилникот е објавен на веб страната на МОН и доставен до сите средни стручни учиишта. Врз основа на Правилникот средните стручни учиишта определија координатор за практично образование.<br><br>Донесени се и следните акти поврзани со учење преку работа и дуално образование:<br>➢ Правилник за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција за реализација на учење преку работа кај работодавач и феријална практика, во установите за стручно образование и обука во кои што се изведува практично образование за учениците бр. 18-10965/1 од 6.8.2025г. (Службен весник бр.168/2025 од 11.8.2025г.)<br>➢ Правилник за начинот на поднесувањето и содржината на иницијативата, како и поблиските критериуми за давање мислење за иницијативата за дуално образование бр. 18-11060/1 од 8.8.2025г. (Службен весник бр.169/2025 од 12.8.2025г.)<br>➢ Правилник за содржината и формата на Изјавата за сериозност од работодавачот и упатство за нејзино пополнување бр.18-11124/1 од 11.8.2025г. објавен на веб страната на МОН<br>➢ Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практично образование бр. 18-12537/1 од 25.9.2025г. (Службен весник бр.200/2025 од 29.9.2025г.)<br>➢ Програма за обука на ментори за практично образование бр.13-16105/1 од 22.12.2025<br>➢ Правилник за начинот на реализацијата на обуката за обучувач на ментор, како и формата и содржината на сертификатот за завршена обука за обучувач на ментор бр.13-16104/1 од 22.12.2025<br>➢ Правилник за формата и содржината на договорот со кој се уредуваат правата и обврските на установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот бр. 13-16106/1 од 22.12.2025<br>➢ Правилник за начинот на вршење на стручниот надзор над работата на установите за стручно образование и обука и работодавачите, од страна на Центарот во делот на стручните предмети и практичното образование. бр. 13-16149/1 од 23.12.2025<br>➢ Правилник за начинот на реализацијата на обуката за ментор, утврдувањето на исполнетоста на нормативите и стандардите за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | организирање на обука за ментор, како и формата и содржината на сертификатот за завршена обука за ментор, бр. 18-16168/1 од 24.12.2025<br><br>Завршен е уписот по Конкурсот за упис на ученици во средно образование во учебната 2025/2026 година, вклучително и во паралелки со дуално образование. Запишани се вкупно 9.733 ученици во дуално образование во прва година средно стручно.<br><br>Спроведена е обука за 75 ментори од јавни и научни установи за водење на учениците на практично образование (учење преку работа и феријална практика).<br><br>Од страна на Европската тренинг фондација изработена е Анализа/студија за учењето базирано на работа во земјата.<br><br>На 2.12.2025 на веб страната на МОН објавени се рез3ултатите од конкурсот за доделување на 1570 стипендии за ученици во дуални паралелки. Стипендистите се исплатени за месеците септември – декември 2025г. | |
| **Мерка: Мобилност на наставници и ученици од средно стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Учество на средните стручни училишта на јавните повици од Националната агенција за европски образовани програми и мобилност | **Појдовна основа:**<br>Во КА1 во полето на училишно обраозвание и стручно образование и обука за 2024 година одобрени се 48 проекти со вкупно 796 мобилности на ученици и наставници<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на одобрени проекти и учесници кои учествуваат во програми за мобилност (Еразмус+ )<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Во КА1 во полето на училишно | **Мерката континуирано се спроведува (индикаторот е постигнат)**<br><br>На 9.1.2025 на страната на Национална агенција објавена е распределба на Еразмус+ буџет по полиња и клучни акции за 2025 година.<br><br>Рокот за пријавување по Повикот за акција КА1 траеше до 12.02.2025 (прв рок) и до 1.10.2025 (втор рок) а за КА2 траеше до 5.3.2025 (прв рок) и до 1.10.2025 (втор рок)<br><br>На 25.9.2025 на веб страната на Националната агенција објавена е брошура за документот Европас мобилност направена од страна на вработените лица во Европас центарот при Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | образование и стручно образование и обука за 2025 година одобрени се 50 проекти со вкупно 900 мобилности на ученици и наставници | | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Подобрен ученички стандард | | | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во ученичките домови (реконструкција на ученички домови, набавка на нова опрема, воведување на мониторинг за одржување на квалитетот)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки за реконструкција на ученички домови<br>- Реконструкција на ученички домови/ набавка на опрема | **Појдовна основа**<br>Започната е постапка за обезбедување на заем од германската развојна банка за реконструцкија на дел од ученичките домови<br><br>**Показател за успешност:**<br>Воспоставен план за реконструкција и одржување на ученички домови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Остварени се сите чекори предвидени за 2025 година кои водат кон потпшување на договорот во 2026 година | **Мерката е во тек на реализација (постигнати е индикаторот за 2025г.)**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2025 година (објавен на системот на БЈН на 22.1.2025), во кој е вклучена и набавка на опрема за ученичките домови.<br><br>Спроведена е постапка за одобрување на дополнителен заем од Германската развојна банка (KfW) во кој ќе биде вклучена и реконструкција на ученичките домови.<br><br>На 10.12.2025 од страна на МФ во владина постапка доставен е Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2, по скратена постапка | |
| **Мерка: Реализирање на обуки за воспитниот кадар во ученичките домови за примена на современи методи за настава и воспитување**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование | **Појдовна основа**<br>Изготвен е Предлог-Закон за ученичкиот стандард кој е разгледан и поддржан од засегантите страни<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесување нов Закон за ученички стандард<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Донесен е Правилник за норматив за воспитувач во средно училиште со ученички дом бр. 18-12937/2 од 10.10.2025 и Програма за полагање на стручен испит за воспитувач во средно училиште со ученички дом бр.18-13599/1 од 24.10.2025 (Сл.весник бр.220/25 од 28.10.2025) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Донесен нов Закон за ученичкиот стандард | | |
| **Мерка: Систем на стипендирање на ученици (талентирани ученици, ученици од социјално ранливи категории, ученици Роми, ученици на Спортска академија, ученици со посебни образовни потреби, ученици од средно стручно образование......) имајќи ги предвид еднаквите можности на момчињата и девојчињата)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Одлука за видот и износот на ученичките стипендии од страна на Владата<br>- Објавување на Конкурс за доделување на ученички стипендии за учебната 2025/2026, Конкурс за стипендии за Спортска академија и Конкурс за музички инструменти<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | **Појдовна основа**<br>49,5% од стипендиите кои ги доделува Министерството се за ученици од ранливи категории<br><br>44% од стипендиите кои ги доделува Министерството се за учениците во средното стручно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на стипендирани ученици од ранливи категории (Роми, ученици од социјално ранливи категории, ученици со посебни образовни потреби)<br>Процент на стипендирани ученици во средното стручно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Задржани е процентот на стипендии кои ги доделува Министерството наменети за ранливи категории<br>Задржани е процентот на стипендии кои ги доделува Министерството наменети за учениците во средното стручно образование добиваат стипендии | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>Одлуката за доделување на ученички стипендии за учебната 2025/2026 година е усвоена од страна на Владата на 90-та седница одржана на 8.7.2025г. (објавена во Службен весник бр.140 од 11.7.2025).<br><br>Конкурсите за сите видови на ученички стипендии се објавени на 30.7.2025г. (рокот на пријавување траеше од 1.10.2025 до 15.10.2025). Конкурсот за доделување стипендии за ученици во ДСУ „Спортска академија“ и Конкурсот за доделување на стипендии на редовни ученици запишани во ДСУ „Математичко-информатичка гимназија“ беа отворени за аплицирање од 3 до 20 октомври.<br><br>Од 1 до 30 септември течеше рокот за продолжување на стипендијата за учениците кои се стекнале со стипендија во некоја од претходните учебни години. Обновените ученички стипендии (добитници во некоја од претходните учебни години) се исплатени за месец септември, октомври, ноември и декември 2025.<br><br>Резултатите за ученички стипендии одобрени во учебната 2025/2026 година (нови стипендисти) се објавени на веб страната на МОН на 17.11.2025, 19.11.2025г. и 2.12.2025 и истите се исплатени за месеците септември - декември 2025г. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| | | | |
| | | | |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН: | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | | Подигнување на квалитетот на образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот<br>• Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики | |
| **Назив на програма/потпрограма:** КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД<br><br>**Потпрограми:**<br>• Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование<br>• Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование<br>• Студентски стандард | | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Обезбедување квалитетно и инклзуивно високо образование и унапредување на студентскиот стандард | **Одговорен:** Сектор за високо образование, Одделение за студентски стандард |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование | | | |
| **Мерка: Национално координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовни состаноци на | **Појдовна основа**<br>Одржан еден конститутивен состанок на Националното координативно тело<br><br>**Показател за успешност**<br>Број на функционални состаноци на Националното координативно тело за | **Мерката е реализирана**<br><br>Од страна на МОН доставен е прашалник до сите високо-образовни установи за мерење на индикатори за квалитет кои потоа ќе бидат сумирани и разгледани од страна на НКТ во насока на креирање на политики за квалитет во високото образование со рок на доставување до 15.5.2025г. Доставени се | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Националното координативно тело (НКТ)<br>- Препораки од НКТ за унапредување на високото образование | реформи во високото образование, науката и истражувањето<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Одржани најмалку 4 состаноци на Националното координативно тело со усвоени заклучоци и препораки | податоци од ВОУ и подготвена е првична анализа.<br><br>Претставници на Националното координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето учествуваа во изработка на новиот Закон за високото обраозование и Закон за квалитет во високото образование. | |
| **Мерка: Изготвување и усвојување на Национална програма за високо образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Усвојување на Програмата | **Појдовна основа**<br>Нема усвоена Национална програма за високото образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесување Националната програма за високото образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Усвоена предлог Национална програма | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Предлог Националната програма за високо образование, во која се внесени забелешките од МОН, со потпис на министерката за образование и претседателката на Националниот совет за високо образование, согласно Законот за високото образование во месец март е доставена до Собранието за усвојување | |
| **Мерка: Надворешна евалуација на ВОУ со професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование** (ENQA)<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на стручните комсии од страна на Агенцијата за квалитет<br>- Организирање обуки за сите членови на стручната комисија, односно стручните комисии.<br>- Спроведување на надворешна евалуација | **Појдовна основа**<br>Не е спроведена надвоешна евалуација на високо-образовните установи од страна на Одборот за евалуација<br><br>**Показател за успешност:**<br>Спроведување на надворешни евалуации<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени најмалку три надврoешни евалуации на високо-образовните установи | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Од страна на МОН доставен е допис/известување до Агенцијата за квалитет/ Одбор за евалуација за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи.<br><br>Направена е измена на Правилникот за надворешна евалуација во одредбите кои се однесуваат на условите за надворешни евалуатори (правилникот се носи од страна на Националниот совет во согласност со министерот за образование).<br><br>На 27.5.2025 од страна на Агенцијата за квалитет објавен е Конкурс за избор на студенти и Конкурс за избор на странски експерти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми со рок на пријавување до 27.6.2025г. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Одборот за евалуација ја отпочна постапката за надворешна евалуација на високо-образовните установи. Избрани се шест високо-образовни установи. Од страна на Одборот формирани се стручни комисии и воспоставен е контакт со шесте ВОУ. Шесте ВОУ до Одборот ги доставија извештаите за самоевалуација. | |
| **Мерка: Рангирање на универзитетите запишани во регистарот на високообразовни установи и рангирање на сите самостојни научни установи кои вршат високообразовна дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на постапката согласно ЗЈН за избор на правни лице за спроведување на постапката за рангирање<br>- Рангирање на универзитетите | **Појдовна основа:**<br>Со ЗВО е регулирана постапката за рангирање на високо-образовните установи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведена постапка за рангирање на универзитетите | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2025 година (објавен на системот на БЈН на 22.1.2025), во кој е предвидена и набавка на услуга за рангирање на високообразовните установи, за месец октомври 2025<br><br>Не е спроведена постапка за рангирање на високообразовните установи, имајќи предвид дека Работна група за изработка на нов Закон за високото образование, во новиот закон ја уредува и постапката за рангирање. | |
| **Мерка: Меѓународни акредитации на државните универзитети**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на нов Закон за високото образование<br>- Поддршка на апликациите за стекнување меѓународна акредитација на студиски програми предложени од страна на факултетите | **Појдовна основа:**<br>Нема поддржани апликации за стекнување меѓународна акредитација на студиски програми<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на поддржани апликации за стекнување меѓународна акредитација на студиски програми<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Најмалку две поддржани апликации за стекнување меѓународна акредитација на студиски програми | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Продолжи постапката за изработка на нов Закон за високото образование и нов Закон за квалитет во високото образование и науката. | |
| **Мерка: Имплементација на Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации** | **Појдовна основа**<br>Од страна на Собранието усвоен е Законот за ратификација на Договорот | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Претставниците од МОН редовно учествуваа на состаноците на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **помеѓу земјите од Западен Балкан**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовно учество на состаноците на Работната група за академско признавање на квалификации – RCC<br>- Редовно ажурирање на заедничкиот информациски систем<br>- Усогласување на текстот на Договорот за пристап до студии и прием на високообразовани установи во Западен Балкан | за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан (Службен весник бр.87 од 25.4.2023)<br><br>Владата на 194-та седница, одржана на 24.10.2023г. го прифати предлог Договор за пристап до студии и прием на високообразовани установи во Западен Балкан и ја усвои Информацијата за именување на преговарач и заменик преговарач од МОН.<br><br>Нема признаени високообразовни квалификации меѓу земјите од ЗБ согласно Договорот<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на високообразовни квалификации признаени меѓу земјите од Западен Балкан, согласно Договорот за автоматско признавање на квалификации<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>50% од признаени високообразовни квалификации меѓу земјите од ЗБ се согласно Договорот | Работната група за признавање на академски квалификации – RCC.<br><br>Од страна на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија изработен е Закон за ратификација на Договорот за пристап до студии и прием на високообразовани установи во Западен Балкан и истиот е усвоен на 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025г.<br><br>Законот за ратификација на Договорот за пристап до студии и прием на високообразовани установи во Западен Балкан е донесен од страна на Собранието (Службен весник бр.148/2025 од 23.7.2025г.) | |
| **Мерка: Усогласување на високото образование согласно потребите на пазарот на труд**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на нов Закон за високото образование во насока | **Показател за успешност:**<br>Донесување нов Закон за високото образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен нов Закон за високото | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Продолжи постапката за изработка на нов Закон за високото образование и нов Закон за квалитет во високото образование и науката.<br><br>Врз основа на сеопфатната анализа на пазарот на труд утврдени | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на модернизирање на студиските програми, поттикнувачки мерки за запишување на студенти, развивање практична работа на студентите во компании и институции во текот на нивното студирање,зајакнување на програми за двојна диплома...<br>- Спроведување на анализа за потребите од пазарот на труд<br>- Спроведување на трејсер студија за студенти | образование<br>Спроведена анализа на пазарот на труд при утврдување на квотите за упис за академската 2025/2026 година | се предлог квотите за упис за академската 2025/2026 година.<br><br>На 15 јули 2025 доставен е извештај/студија изработена од Светска банка врз основа на спроведеното трејсер истражување за вработливоста на дипломираните студенти од академската 2022/2023 година<br><br>Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Развивање на ефикасен систем за финансирање на високото образование | | | |
| **Мерка:** Утврдување на нов модел за финансирање на високообразовните установи<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка и донесување на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, согласно Законот за високото образование | **Појдовна основа**<br>Во моментов не постои усвоена Уредба за финансирање;<br>Високо-образовните установи се финансираат по застарен модел/ управна спогодба<br><br>**Показател за успешност:**<br>Утврден нов модел на финансирање;<br>Процент на високообразовни установи во кои се пилотира новата уредба за финансирање<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена е Уредба за мерила и | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Во рамки на Работната група за изработка на новиот Закон за високо образование се разгледува и прашањето за утврдување на нов модел за финансирање.<br><br>Имајќи предвид дека е завршен мандатот на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност во месец јуни 2025, спроведена е постапка за конституирање на новиот состав на НС. По завршување на целата постапка во рамки на Собранието, конститутивната седница на новиот состав на Националниот совет е одржана на 22.12.2025г. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | критериуми за финансирање на високото образование;<br>Уредбата е пилотирана во 50% од високообразовните установи | | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Студентски стандард | | | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во студентските домови (реконструкција на студентски домови) и високо-образовни установи**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на постапка за реконструкција на студентските домови од аспект на енергетска ефикасност<br>- Продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје | **Појдовна основа**<br>0% од студентските домови се реконструирани со цел да бидат енергетски ефикасни заклучно со 2024 година<br><br>Започната е изградба на нови на објекти на Факултетот за физичка култура и ФИНКИ<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на реконструирани домови<br><br>Процент на доизградба и функционалност на објектите на Факултетот за физичка култура и ФИНКИ<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Два студентски дома се реконструирани со цел да бидат енергетски ефикасни<br><br>Завршена е 30% изградба и функционалност на објектите на Факултетот за физичка култура и ФИНКИ | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2025 година (објавен на системот на БЈН на 22.1.2025), во кој е вклучена и набавка на опрема и набавка на мебел за потребите на студентските домови.<br><br>Во првиот квартал, започна втората фаза од реконструкцијата на студентскиот дом „Кузман Јосифовски – Питу“ во Скопје. Активостите се реализираат согласно утврдената динамика во склучениот договор (рок на реализација:2026).<br><br>Продолжи реконструкцијата на СД „Стив Наумов” (рок на реализација: 2026).<br><br>Изработена е тендерската документација за ЛОТ2 (СД „Никола Карев” Охрид, СД „Томе Стефановски Сениќ” Скопје, СД „Браќа Миладиновци” Штип и СД „Орде Чопела” Прилеп). Поднесени се барања за одобрение за градба до МТВ за СД Никола Карев Охрид и СД Т.С.Сениќ и ЛОТ3 (СД ‚Кочо Рацин” Битола, СД „Пелагонија” Скопје и СД „Гоце Делчев” (кантина) Скопје).<br><br>Спроведена е постапка за одобрување на дополнителен заем од Германската развојна банка (KfW) во кој ќе биде вклучена и реконструкција на студентските домови од ЛОТ2 и ЛОТ3. На 10.12.2025 од страна на МФ во владина постапка доставен е Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ефикасна рехабилитација на студентски домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2, по скратена постапка.<br><br>На 8.7.2025г. потпишан е договор за грант со Германската развојна банка (преку Инвестициската рамка за Западен Балкан, односно преку Програмата за регионална енергетска ефикасност), во износ од 5,5 милиони евра за енергетски ефикасна обнова на државните студентски домови. Поднесена е апликација за уште еден грант на износ од 11 милиони евра.<br><br>На 24.12.2025 објавени се јавни набавки за изработка на проектна документација и ревизија на проектна документација за дополна на основен проект за измени во тек на градба за Студентски дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово (согласно забелешките од Државен завод за ревизија)<br><br>На 6.5.2025 потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, Службата за општи и заеднички работи на Владата, Ректорат на УКИМ и Градежен факултет за формирање на Работна група за отстранување на пречките и продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје. Формирана е Работна група по водство на Градежен факултет. Од страна на Работната група доставен е финален извештај врз основа на која доставени се во владина постапка *Информација* за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изработка на проектна документација за идеен и основен проект за доградба и надградба на објект на објектот за потребите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје како и изработка на ревизија на проектна документација за идеен и основен проект за доградба и надградба на објектот за потребите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје Скопје и *Информација* за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Изработка на проектна документација за Дополна на основни проекти за измени во тек на градба за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, како и Изработка на ревизија на проектна документација за Дополна на основни проекти за измени во тек на градба за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје (разгледана на седницата на Владата одржана на 23.12.2025). Средствата се предвидени во Буџетот за 2026г.<br><br>На 31.12.2025 објавена е јавна набавка за изработка на проектна документација за дополна на основни проекти за измени во тек на градба за довршување на изградба на ФИНКИ и ФФОСЗ во Скопје | |
| **Мерка: Стипендирано високо образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на студентски стипендии за академската 2025/2026 (студенти со висок просек, студенти од ранливи категории, студенти Роми, студенти од студиски програми математика, физика, хемија, студенти од наставнички факултети...)<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | **Појдовна основа:**<br>Изготвен е нов Предлог закон за студентскиот стандард<br><br>Доделени се 3500 стипендии за студенти.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесување нов Закон за студентскиот стандард<br><br>Вкупен број на доделени стипендии за студенти според новата методологија од Законот за студентскиот стандард<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен нов Зкаон за студентскиот станард<br><br>Доделени стипендии според новата методологија | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Одлуката за доделување на стипендии за студенти кои се од интерес на Република Македонија (лица со македонско државјанство кои живееат во странство) за академската 2025/2026 е усвоена од страна на Владата на 73-та седница, одржана на 13.5.2025г. (објавена во Службен весник бр.98 од 18.5.2025г.) Конкурсот е објавен на веб страната на МОН на 11.6.2025 и доставен до МНРНТ со цел негово проследување до ДКП-ата. Рокот за пријавување траеше до 31.8.2025г. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 15.9.2025 (доделени се 41 стипендија).<br><br>Конкурсот за студентски стипендии (за сите категории) за учебната 2025/2026 е објавен на веб страната на МОН на 30.7.2025. Пријавувањето по конкурсот започна од 1.11.2025. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 10.12.2025 и на 12.12.2025. Новите стипендисти се исплатени за месеците октомври-декември 2025<br><br>Од 1.10 до 30.10 се спроведе пријавувањето/ продолжување на стипендиите за студентите кои се стекнале со стипендија во | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | некоја од претходните академски години. Исплатени се продолжените стипендисти за месеците октомври-декември 2025<br><br>Формирана е Работна група за изменување и дополнување на Законот за студенстки стандард и Законот за ученички стандард составена со претставници на студенти. Во овие законски измени ќе бидат вклучени и евентуални измени во системот на стипендирање | |
| **Мерка: Имплементација на Законот за субвенциониран студентски оброк**<br><br>Предвидени активности :<br>- Редовна (месечна) објава на јавниот повик за субвенциониран студентски одброк<br>- Обработка на пристигнатите апликации<br>- Склучување на договори<br>- Зголемување на опфатот на бројот на студенти | **Појдовна основа:**<br>Околу 30.000 студенти примаат субвенциониран оброк<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на студенти кои примаат субвенциониран оброк од вкупниот број пријавени/ вкупен број на студенти<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Зголемен е опфатот на студенти кои примаат субвенциониран оброк | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>На барање на студентите изработени се измени на Законот на субвенциониран студентски оброк (усвоени од страна на Собранието на 42-та седница, одржана на 1.4.2025г.). со кои е уредено дека оброк можат да земаат и студенти *<u>кои се вработени</u>* но немаат приходи поголеми од минималната плата и студентите запишани на *<u>постдипломски студии и на интегрирани студии</u>* на државните и приватните универзитети во државата.<br><br>Врз основа на измените на Законот, донесен е Правилник за изменување на правилникот за формата и содржината на изјавата за точност на внесените податоци и за формата, содржината и образецот на пријавата за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025)<br><br>Јавните повици редовно се објавуваше во текот на годината, врз основа на кои тековно се разгледуваа и обработуваа пристигнатите апликации. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ:** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | Унапредување на човечкиот капитал, зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите<br><br>• Зголемено вложување и развој на науката, истражувањето и иновациите | |
| **Назив на програма/потпрограма:** ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ<br>**Потпрограми:**<br>• Ревизија на правната рамка за истражување и развој<br>• Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност<br>• Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Меѓународна афирмација на науката и иновациите во контекст на европската интеграција на Република Северна Македонија | **Одговорен:**<br>Сектор за наука и иновации<br>Сектор за меѓународна соработка |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
|---|---|---|---|
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Ревизија на правната рамка за истражување и развој | | | |
| **Мерка: Донесување на нов Закон за научно-истражувачка дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог-закон<br>- Консултација со научната јавност<br>- Донесување на Законот од страна на Собранието | **Појдовна основа**<br>Формирана е Работка група за изработка на нов предлог Закон за научно-истражувачката дејност.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесување нов Закон за научно-истражувачка дејност;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Формирана е Работна група составена од претставници на МОН, јавните универзитети, јавните научни установи, Националниот совет за високо образование и наука која работи на нов Закон за научно истражувачката дејност. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Законот за научно-истражувачка дејност е донесен и објавен во Службен весник | | |
| **Мерка: Стратегија за паметна специјализација (Smart Specialization Strategy – S3)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Реализација на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата – активностите предвидени за 2025<br>- Изработка на нов Акциски план 2026-2027 | **Појдовна основа**<br>Акцискиот план 2024-2025 од Стратегијата за паметна специјализација е усвоен, и започната е имплементацијата на мерките (10%).<br><br>**Показател за успешност:**<br>Процент на имплементација наа мерките од Акцискиот план 2024-2025 согласно Стратегијата за паметна специјализација (Smart Specialization Strategy – S3).<br>Изработување и усвојување на нов Акцискиот план 2026-2027 согласно Стратегијата за паметна специјализација<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>90% од активностите планирани за 2024-2025 од Акцискиот план 2024-2025 од Стратегијата за паметна специјализација се реализирани<br>Акцискиот план 2026-2027 согласно Стратегијата за паметна специјализација е усвоен | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Во владина постапка доставена е Информација/ извештај за имплементација на Стратегијата за паметна специјализација односно на Акцискиот план за 2024 (разгледана на седница на ГК одржана на 25.6.2025). Реализирани се 54% од активностите предвидени со АП 2024-2025. Извештајот за 2025 ќе биде доставен до Владата во 2026г.<br><br>Министерството за образование и наука и Здружениот истражувачки центар на Европската комисија (JRC) во месец март 2025 потпишаа договор за соработка, со кој, Македонија добива дополнителна поддршка за имплементација на Стратегијата за паметна специјализација во форма на експертиза и размена на позитивни практики, методологии и научни пристапи за јакнење на националниот систем за истражување и иновации.<br><br>Во периодот 11-13 јуни 2025 во Скопје се одржа состанок/ работилница на Министерството за образование и наука (Машински факултет при УКИМ) и Здружениот истражувачки центар на Европската комисија (JRC) во рамки на договорот за соработка.<br><br>На 71-та седница на Владата одржана на 29.4.2025 усвоена е Информација за „Конкурс за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација)“<br><br>На 30.4.2025 на веб страната на МОН објавен е Конкурсот со рок на пријавување до 20.6.2025г. Пристигнати се 31 апликација<br><br>На 7.5.2025г. објавен е Јавен оглас за избор на рецензенти кои ќе ги рецензираат проектите по објавениот Конкурс, со рок на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | пријавување до 20.6.2025г.<br><br>На 18.7.2025 на веб страната на МОН објавена е ранг листа на прифатени научно-истражувачки проекти за поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација. Одобрени се за финансирање пет проекти.<br><br>Со решение од министерката за образование и наука бр, 20-11074/1 од 08.08.2025г. формирана е Координативната работна група за поддршка на спроведувањето и дијалогот на Стратегијата за паметна специјализација на Репубилка Северна Македонија С3-МК 2024-2027 година. КРГ го одржа првиот состанок на 20.8.2025г. Работната група изработи предлог Акциски план 2026-2027. | |
| **Мерка: Ревизија на Патоказот за научно истражувачка дејност**<br><br>Предвидени активности за прв квартал:<br>- Изработка на анализа на постојниот патоказ<br>- Изработка на нов Патоказ | **Показател за успешност:**<br>Изработување и усвојување на нов Патоказ за научно-истражувачката дејност<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Завршена е ревизијата и усвоен е новиот Патоказ за научно-истражувачката дејност. | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати)**<br><br>Изработена е анализа на постојниот патакоз, истиот е ревидиран односно изработен е нов, усвоен со решение на министерката за образоване и наука и објавен на веб страната на МОН.<br><br>Ревидираниот патоказ е објавен и на веб страната на ESFRI National Roadmaps \| www.esfri.eu | |
| **ПОТПРОГРАМА 2**: Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност | | | |
| **Мерка: Изработка на Национална програма за научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Јавна расправа по однос на предлог Националната програма | **Појдовна основа**<br>Изготвена е предлог Национална програма за научно-истражувачка дејност<br><br>**Показател за успешност:**<br>Изготвување и усвојување на Национална програма за научно- | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Предлог Националната програма за научно-истражувачката дејност (потпишана од претседателката на Нациналниот совет и министерката за образование и наука), а по спроведената јавна расправа е доставена до Собранието на усвојување | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Усвојување на Националната програма од страна на Собранието | истражувачка дејност<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Националната програма за научно-истражувачка дејност е изготвена и усвоена | | |
| **Мерка: Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Уредба од страна на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност<br>- Јавна расправа<br>- Утврдување на Уредбата | **Појдовна основа**<br>Изготвена е предлог уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесување на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност<br>Зголемување на % од БДП за наука и научно-истражувачка дејност<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Усвоена е уредбата за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност<br>0,5 % од БДП за наука и научно-истражувачка дејност е обезбеден | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Формирана е интерна Комисија во рамки на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност која работи на предлог Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност.<br><br>Имајќи предвид дека во месец јуни 2025 заврши мандатот на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, спроведена е постапка за конституирање на новиот состав на НС. По завршување на постапката од страна на Собранието, конститутивната седница на новиот состав на Националниот совет е одржана на 22.12.2025г. | |
| **Мерка: Доделување на финансиски средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство и за организирање на научни собири во земјата како и за студиски престои во странство**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна | **Појдовна основа**<br>Одобрени се 70 апликации за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство за 2024 година.<br><br>Одобрени се 4 апликации за учество на домашни научни истражувачи на студиски престои во странство за | **Мерката е реализирана (индикаторите се постигнати, дел надминати)**<br><br>На 14.3.2025 на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство за 2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 127 апликации.<br><br>На 14.3.2025 на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за доделување на средства на домашни научни истражувачи за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | 2024 година.<br><br>Одобрени се 17 апликации за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2024 година<br><br>**Показател на успешност:**<br>Доделување на финансиски средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени се средства за учество на најмалку 80 домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство за 2025 година.<br>Доделени се средства за учество на најмалку 5 домашни научни истражувачи на студиски престои во странство за 2025 година.<br>Доделени се средства за финансирање на најмалку 20 аплиакации за материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2025 година | студиски престои во странство за 2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 6 апликации.<br><br>На 14.3.2025 на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2025 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 15 апликации.<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН | |
| **Мерка: Доделување на финансиски средства за објавени научно-истражувачки трудови од домашни автори во меѓународни научни списанија со фактор на влијание** | **Појдовна основа**<br>358 прифатени барања за научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на | **Мерката е реализирана**<br><br>На 3.2.2025г. објавено е решението за финансирање на 301 прифатени барања за научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **(импакт фактор)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | влијание (импакт фактор), објавени во 2022 година<br><br>**Показател на успешност:**<br>Доделување на средства за објавување на трудови во меѓународни научни списанија со импакт фактор<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени се средства за објавување на најмалку 350 труда за 2023 и 350 труда за 2024 година. | влијание (импакт фактор) за 2023 година (121 труда од областа на природно-математичките науки, 61 труда од областа на техничко-технолошки науки, 32 труда од областа на био-технички науки, 46 труда од областа на медицински науки, 30 труда од областа на општествеии науки и 11 труда од областа на хуманистички науки).<br><br>На 15.3.2025г. објавен е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2024 година, со рок на пријавување до 16.5.2025г. На 30.6.2025 резултатите се објавени на веб страната на МОН (одобрени се за финансирање 303 труда)<br><br>Исплатени се средствата на одобрените/ прифатените трудови | |
| **Мерка: Доделување на надомест на средства за објавување на трудови преку Конкурс**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е јавниот повик за доделување на надомест на средства за објавување на трудови преку Конкурс | **Мерката е реализирана (индикаторот е постигнат)**<br><br>На 14.2.2025г. објавен е Повик за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови во 2024 година, со рок на пријавување до 1.4.2025г.<br><br>На 8.4.2025г. на веб страната на МОН објавени се резултати од Повикот (10 апликации се прифатени а 6 се одбиени). Прифатените апликации се исплатени | |
| **Мерка:** E-science.mk<br><br>Предвидени активности:<br>- Започнати акитивности за изработка на база на македонски научни списанија и | **Појдовна основа**<br>Не постои база на македонски научни списанија и трудови (E-science.mk)<br><br>**Показател на успешност:**<br>Започната изработка на база на | **Мерката е во тек на реализација (индикаторот за 2025 е постигнат)**<br><br>Изработен е Регистар на истражувачи. По однос на Јавниот повик за регистрирање на истражувачи во електронскиот регистар, база на податоци за истражувачи во земјата и странство при МОН до | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| трудови | македонски научни списанија и трудови (E-science.mk)<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Започнати се активности за изработка на база на македонски научни списанија и трудови (E-science.mk) | сега се регистрирани 100 истражувачи.<br><br>Базата на податоци на истражувачи во следните фази ќе се прошири со научно-апликативни активности на истражувачите (проекти, научни и стручни трудови и индикатори), пред се со преземање од глобалните и институционалните бази на истражувачки резултати. | |
| Информација за доставување на Проект за основање на нова единица „Факултет за медицински науки и здравство“ при МИТ Универзитет во Скопје, согласно Законот за високото образование* | Усвоена на 78-та седница, на 3.6.2025 |
| Информација за апликација на Министерството за образование и наука до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), со цел обезбедување на инвестициски грант и грант за техничка помош за проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во РС Македонија” | Усвоена на 78-та седница, на 3.6.2025 |
| Одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2025 г. | Усвоена на 78-та седница, на 3.6.2025 |
| Одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2025 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје | Усвоена на 78-та седница, на 3.6.2025 |
| Одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2025 година на Факултет за исламски науки– Скопје | Усвоена на 78-та седница, на 3.6.2025 |
| Информација за апликација на Министерството за образование и наука до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), со цел обезбедување на грант за техничка помош за проектот изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта | Усвоена на 82-та седница, на 10.6.2025 |
| Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за образование и наука на РС Македонија и Министерството за надворешни работи и трговија на Унгарија за соработка во рамки на Програмата STIPENDIUM HINGARICUM за годините 2026 - 2028 | Усвоена на 83-та седница, на 10.6.2025 |
| Информација за потребата од склучување Договор за грант за проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во РСМ”, со усогласен текст на Договор за грант | Усвоена на 86-та седница, на 24.6.2025 |
| Програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 г. | Усвоена на 86-та седница, на 24.6.2025 |
| Програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 г. | Усвоена на 86-та седница, на 24.6.2025 |
| Одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република | Усвоена на 86-та седница, на 24.6.2025 |

| | |
|---|---|
| Северна Македонија (КП бр.7555, КО Битола 3) – Државно музичко училиште | |
| Одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 5618, КО Крушево) – објект на ДПИ | Усвоена на 86-та седница, на 24.6.2025 |
| Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во основните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, наставник-советник и стручен соработник-ментор | Усвоена на 86-та седница, на 24.6.2025 |
| Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор | Усвоена на 86-та седница, на 24.6.2025 |
| Извештај за извршени преговори за потпишување на Протокол за соработка во областа на науката, технологијата и иновациите меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Советот за научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK), со усогласен текст на Протокол | Усвоена на 88-та седница, на 1.7.2025 |
| Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (2) (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура) | Усвоени на 88-та седница, на 1.7.2025 |
| Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Гази Баба (2) (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура) | Усвоени на 88-та седница, на 1.7.2025 |
| Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Прилеп (2) (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура) | Усвоени на 88-та седница, на 1.7.2025 |
| Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година | Усвоена на 88-та седница, на 1.7.2025 |
| Информација за степенот на реализација на Акцискиот план 2024-2025 година за спроведување на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија С3-МК 2024-2027, за 2024 г | Усвоена на 90-та седница, на 8.7.2025 |
| Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандум за партнерство за образовна соработка како дел од програмата на Меѓународната организација на Франкофонијата за 2024-2027 година, со усогласен текст на Меморандум | Усвоен на 90-та седница, на 8.7.2025 |
| Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Универзитетот во Тетово | Усвоена на 90-та седница, на 8.7.2025 |
| Извештај за работа на Државниот просветен инспекторат за 2024 година | Разгледан на 90-та седница, на 8.7.2025 |
| Информација за отпочнување активности за основање Мултифункционален научно - технолошки парк во Република Северна Македонија | Усвоена на 92-та седница, на 15.7.2025 |
| Предлог-закон за установите за средно образование на верските заедници | Утврден на 93-та седница, на 15.7.2025 |
| Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје | Усвоена на 95-та седница, на 22.7.2025 |
| Одлука за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за основното образование, и висината на превозот во средното образование за државните основни и средни училишта за учебната 2025/2026 година за релација за која нема обезбедено линиски превоз | Усвоена на 95-та седница, на 22.7.2025 |
| Одлука за изменување на одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 г | Усвоена на 95-та седница, на 22.7.2025 |
| Информација за потребата од прераспределба на средства во рамки на Проектот за унапредување на основното | Усвоена на 97-та седница, на 29.7.2025 |

| | |
|---|---|
| образование | |
| Одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (објект на ДПИ во Кочани) | Усвоена на 97-та седница, на 29.7.2025 |
| Програма за изменување на програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година | Усвоена на 97-та седница, на 29.7.2025 |
| Програма за изменување и дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година | Усвоена на 97-та седница, на 29.7.2025 |
| Програма за изменување на програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година | Усвоена на 97-та седница, на 29.7.2025 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, општина Теарце, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, општина Теарце | Усвоена на 97-та седница, на 29.7.2025 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Реконструкција на училишен објект во ООУ Фан Ноли, с.Требош, општина Желино, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во ООУ Фан Ноли, с.Требош, општина Желино | Усвоена на 97-та седница, на 29.7.2025 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ Методи Митевски-Брицо, општина Лозово, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ Методи Митевски-Брицо, општина Лозово | Усвоена на 97-та седница, на 29.7.2025 |
| Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, рециклирање и уништување на отпад | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Информација за давање мислење за основање на општинско основно училиште во „Азем Марана“ с.Моране општина Студеничани | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за престанок на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ Скопје | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Усвоена на 99-та седница, одржана на 5.8.2025длука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Тихомир Милошевски“) | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Долнени (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“ с. Црнилиште) | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Илинден (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ н.Илинден) | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Свети Николе (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“) | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Карпош (за потребите на ООУ „Војдан Чернодрински“ и ООУ „Владо Тасевски“) | Усвоени на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Чашка (за потребите на ОУ „Лирија“ с.Горно Јаболчиште) | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Охрид (за потребите на ООУ „Христо | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |

| | |
|---|---|
| Узунов“) | |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Василево (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ п.о. Василево) | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Тоде Хаџи – Тефов“) | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Неготино (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“) | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Петровец (за потребите на ООУ „Братство-Единство“ с.Средно Коњари) | Усвоена на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Теарце (2) (за потребите на ООУ „Фаик Коница“ с.Доброште и ООУ „Еќрем Чабеј“ с.Слатино) | Усвоени на 99-та седница, на 5.8.2025 |
| Одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2025/2026 година | Усвоена на 101-та седница, на 19.8.2025 |
| Одлука за изменување на Одлуката за висината на превозот на учениците во државните основни и средни училишта за релациите каде нема обезбедено линиски превоз, за учебната 2025/2026 година | Усвоена на 103-та седница, на 26.8.2025 |
| Информација за привремено сместување на Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ Скопје | Разгледана на 103-та седница, на 26.8.2025 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Средношколска академија за бизнис и администрација-САБА“ во Скопје | Усвоена на 110-та седница, на 16.9.2025 |
| Информација за подготовка на нова Стратегија за образование 2026–2032 | Разгледана на 116-та седница, на 30.9.2025 |
| Информација за степенот на реализација на Акцискиот план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“ заклучно со првиот квартал на 2025 година | Разгледана на 116-та седница, на 30.9.2025 |
| Одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (на КП.бр.14315 за КО Куманово), објект на ДПИ и БРО | Донесена на 119-та седница, на 14.10.2025 |
| Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (Имотен лист бр.588298 на КП бр.1186/1 за КО Кисела Вода 1) | Донесена на 119-та седница, на 14.10.2025 |
| Информација со Акциски план по Конечниот извештај број 01 2024 03 03/1 за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука – Сметка на основен буџет (637), Сметка на буџет на заеми (786-70) и Сметка на буџет на заеми (786-47) и Дополнување на Акцискиот план по Конечниот извештај број 01 2024 03 03/1 за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на МОН – Сметка на основен буџет (637) | Разгледана на 121-та седница, на 21.10.2025 |

| | |
|---|---|
| Одлука за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште Американска Гимназија „НОВА“ во Скопје | Донесена на 122-та седница, на 28.10.2025 |
| Информација за изготвен Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за ДПИ | Разгледана на 122-та седница, на 28.10.2025 |
| Информација за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката, заклучно со 31 август 2025 година | Разгледана на 124-та седница, на 4.11.2025 |
| Информација за степенот на реализација на АП по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат дражвните студентските домови”, заклучно со третиот квартал 2025 година | Разгледана на 126-та седница, на 11.11.2025 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје | Усвоена на 129-та седница, на 18.11.2025 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола | Усвоена на 129-та седница, на 18.11.2025 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Тетово“ Тетово | Усвоена на 129-та седница, на 18.11.2025 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје | Усвоена на 129-та седница, на 18.11.2025 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“ Скопје | Усвоена на 129-та седница, на 18.11.2025 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид | Усвоена на 129-та седница, на 18.11.2025 |
| Одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка | Усвоена на 129-та седница, на 18.11.2025 |
| Одлука за доделување на средства на ученички дом „Крсте Петков Мисирков“, Кавадарци | Усвоена на 129-та седница, на 18.11.2025 |
| Информација за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година, заклучно со 30 септември 2025 година | Разгледана на 133-та седница, на 2.12.2025 |
| Програма за изменувањње и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста на ученичкиот стандард за 2025 г. | Усвоена на 136-та седница, на 11.12.2025 |
| Програма за изменувањње и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард за 2025 г. | Усвоена на 136-та седница, на 11.12.2025 |
| Програма за изменувањње и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 година | Усвоена на 136-та седница, на 11.12.2025 |
| Програма за изменувањње и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 година | Усвоена на 136-та седница, на 11.12.2025 |
| Програма за зизменувањње и дополнување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025г. | Усвоена на 136-та седница, на 11.12.2025 |
| Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2025 г. | Усвоена на 137-та седница, на 16.12.2025 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар Кочо Рацин- Битола (проектори) | Усвоена на 137-та седница, на 16.12.2025 |
| Извештај за извршени преговори за потпишување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието, со усогласен текст на Договор | Усвоен на 137-та седница, на 16.12.2025 |

| | |
|---|---|
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Изработка на проектна документација за Дополна на основни проекти за измени во тек на градба за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, како и Изработка на ревизија на проектна документација за Дополна на основни проекти за измени во тек на градба за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје | Усвоена на 138-та седница, на 23.12.2025 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на 5 објекти за физичко образование во основните и средните училишта, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на 5 објекти за физичко образование во основните и средните училишта | Усвоена на 138-та седница, на 23.12.2025 |
| Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2026 г. (за превоз на студенти) | Усвоена на 139-та седница, на 26.12.2025 |
| Решение за изменување и дополнување на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор, со Предлог-одлука за давање согласност | Донесено на 140-та седница, на 30.12.2025 |

## 2.3 В: Мерки и активности кои произлегуваат од работата на Министерството за образование и наука

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година<br>Согласно член 42 од Законот за средното образование, Министерството за образование и наука објавува Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта во средствата за јавно информирање. При запишувањето во прва година учениците се определуваат за образование на одреден план и програма | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Утврдување на слободни места за упис во средните училишта, во соработка со сите засегнати чинители | Утврден е бројот на слободни места за упис во средните училишта, во соработка со сите засегнати чинители (целосно усогласен согласно потребите на пазарот на трудот)<br><br>Објавен е Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година во средствата за јавно информирање во законскиот рок (на 28.3.2025 година на веб страната на МОН) |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | |

| |
|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за запишување и прием на ученици во општинските и државните ученички домови<br>Согласно член 27 од Законот за ученичкиот стандард, Министерството за образование и наука објавува конкурс за запишување и прием на ученици во општинските и државните ученички домови |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок |

| Активност: | Статус: Реализирано |
|---|---|
| Усогласување на квотите со сите ученички домови | Усогласени се квотите со сите ученички домови.<br>Конкурсот е објавен во законскиот рок (28.3.2025 година) |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | |

| ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Конкурс за стипендии за студенти кои студираат во странство (за некој од најдобрите универзитети во светот)<br>Согласно член 49 став 2 од Законот за студентскиот стандард и член 52 од Законот за научно-истражувачката дејност, Министерството објавува Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство | |
|---|---|
| **Показател за успешност:** Објавени Конкурси на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Конкурси | На 19.2.2025г на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за доделување стипендии за академски студии од прв, втор и трет циклус на студии во странство за академската 2025/2026 година, со рок на пријавување до 12.9.2025г. |
| Објава на Конкурс за студии од прв циклус | |
| Објава на Конкурс за студии од втор и трет циклус | |

| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки<br>Согласно член 45 од Законот за основното образование и член 24-б од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината | |
|---|---|
| **Показател за успешност:** Објавени јавни повици на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик за основно образование и Јавен повик за средно образование | На 25.2.2025г. на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од обласа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот, за учениците во основно образование.<br><br>На 24.3.2025г. на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од обласа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот, за учениците во средно образование. |
| Објава на Јавните повици на интернет страницата на МОН и нивно проследување до сите училишта | |

| | |
|---|---|
| | Во постапката за аплицирање за награди и медали на меѓународни натпревари од областа на математиката, информатиката и природните науки, за прв пат веќе не се доставуваат хартиени документи во Министерството, туку електронска Пријава преку http://e-uslugi.mon.gov.mk. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на средства на акредитираните здруженија на наставници за учество на еден меѓународен натпревар (за трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу три ментори, чија бројка зависи од правилата на организаторите на меѓународниот натпревар)<br>Согласно член 45 од Законот за основното образование Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, во првите три месеци од годината | |
| **Показател за успешност:** Објавен јавен повик на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирао** |
| Изготвување на предлог Јавен повик<br><br>Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН | На 25.2.2025 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2025 година од областа на математиката, информатиката и природните науки, со рок на пријавување до 31.10.2025г.<br><br>Исплатени се 2 здруженија на наставници ( јуниорска олимпијада на Здружение на физичари на износ од 100.461 мкд и Здржение на информатичари во износ од 513.097 мкд). |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad),<br>Согласно член 24-б од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината | |
| **Показател за успешност:** Објавен јавен повик на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик<br><br>Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН и негово проследување до сите училишта | На 11.3.2025 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата (за средно образование).<br><br>Во постапката за аплицирање за парична награда за освоени медали на меѓународни научни олимпијади, за прв пат веќе нема да се доставуваат хартиени документи во Министерството, туку електронска Пријава преку http://e- |

| | |
|---|---|
| | uslugi.mon.gov.mk. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за доделување на наградата „Гоце Делчев" во 2025 година<br>Со наградата „Гоце Делчев" се оддава општествено признание за особено значајно остварување во сите области од науката од интерес на земјата.<br>Наградата во 2024 година се доделува за научна книга или дело објавено во 2024 година. | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Спроведување на Конкурсот за доделување на наградата „Гоце Делчев" во 2024 година | Конкурсот за доделување на наградата „Гоце Делчев" во 2025 година е објавен на веб страната на МОН на 30.12.2024 г.<br><br>Наградата е официјално доделена во Собранието на Република С.Македонија на 4.5.2025г. |
| Доделување на наградата | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученичките стипендии<br>Врз основа на член 54 став 10 од Законот за ученичкиот стандард, Владата носи Одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученичките стипендии, на предлог на Министерството за образование и наука | |
| **Показател за успешност:** Донесена Одлука и објавена во Службен весник | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Одлука | Одлука за доделување на ученички стипендии за учебната 2025/2026 година е усвоена од страна на Владата на 90-та седница одржана на 8.7.2025г. (објавена во Службен весник бр.140 од 11.7.2025). Конкурсот е објавен на 30.7.2025, со рок на пријавување од 1.10.2025г.<br><br>Обновените ученички стипендии (добитници во некоја од претходните учебни години) се исплатени за месец септември, октомври, ноември и декември 2025.<br><br>Резултатите за ученички стипендии одобрени во учебната 2025/2026 година (нови стипендисти) се објавени на веб страната на МОН на 17.11.2025, 19.11.2025г. и 2.12.2025 и истите се исплатени за месеците септември - декември 2025г. |
| Усогласување на одлуката со Секретаријат за законодавство и Министерство за финансии | |
| Донесување на Одлуката од страна на Владата и нејзино објавување во Службен весник | |

| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за запишување и прием на студенти во студентски домови<br>Согласно член 24 од Законот за студентскиот стандард, Министерството за образование и наука објавува конкурс за запишување и прием на студенти во студентските домови | |
|---|---|
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Усогласување на квотите со сите студентски домови | Собрани се податоци од студентските домови за слободни места за сместување (квоти) и објавен е Конкурсот за сместување на 14.7.2025г. Конкурсот е спроведен и студентите се сместени пред почетокот на академската 2025/2026 |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | |

| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Одлука за доделување на стипендии на странски државјани кои се од интерес за Републиката (стипендии за студенти со македонско потекло од Балканскиот полуостров)<br>Согласно член 51 став 1 од Законот за студентскиот стандард Министерството може да доделува стипендии на странски државјани согласно со одлука на Владата, доколку доделувањето на стипендијата е од интерес за Републиката | |
|---|---|
| **Показател за успешност:** Донесена Одлука и објавена во Службен весник | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Одлука | Одлуката за доделување на стипендии за студенти кои се од интерес на Република Македонија (лица со македонско државјанство кои живеаат во странство) за академската 2025/2026 е усвоена од страна на Владата на 73-та седница, одржана на 13.5.2025г. (објавена во Службен весник бр.98 од 18.5.2025г.)<br><br>Конкурсот е објавен на веб страната на МОН на 11.6.2025 и доставен до МНРНТ со цел негово проследување до ДКП-ата. Рокот за пријавување траеше до 31.8.2025г. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 15.9.2025 (доделени се 41 стипендија). |
| Усогласување на одлуката со Секретаријат за законодавство и Министерство за финансии | |
| Донесување на Одлуката од страна на Владата и нејзино објавување во Службен весник | |

| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во земјата<br>Согласно член 49 став 1 од Законот за студентскиот стандард, Министерството објавува Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во земјата | |
|---|---|
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс на почетокот на академската 2025/2026 година, на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Конкурс | Конкурсот за студентски стипендии (за сите категории) за учебната 2025/2026 е објавен на веб страната на МОН на 30.7.2025. Пријавувањето по конкурсот започна од 1.11.2025. Од 1.10 до 30.10 се спроведе пријавувањето/ продолжување на |
| Објава на Конкурсот на интернет страницата на МОН | |

| | |
|---|---|
| | стипендиите за студентите кои се стекнале со стипендија во некоја од претходните академски години.<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 10.12.2025. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024 г. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за поврат на средства за купен музички инструмент<br>Согласно член 3 од Законот за поддршка на млади при купување на музички, Министерството објавува Конкурс, на почетокот на секоја учебна, односно академска година, на својата интернет страница | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс на почетокот на учебната, односно академската 2025/2026 година, на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Конкурс | Конкурсот е објавен на веб страната на МОН на 1.12.2025 со рок на пријавување со 30.1.2026 |
| Објава на Конкурсот на интернет страницата на МОН (четврт квартал) | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Календар за организација и работа на училишта во учебната 2025/2026<br>Врз основа на член 52 став 3 од Законот за основното образование и член 23 став 3 од Законот за средното образование, министерот носи Календар за организација на училиштата | |
| **Показател за успешност:** Објавени Календари во законскиот рок | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување и објава на Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2025/2026 | Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2025/2026 е објавен во Службен весник бр.142/2025 од 15.7.2025г.<br><br>Календарот за организација и работа на јавните средни училишта во учебната 2025/2026 е објавен во Службен весник бр.161/2025 од 5.8.2025г. |
| Изготвување и објава на Календар за организација на учебната 2025/2026 година во јавните средни училишта | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата<br>Согласно член 46 од Законот за основното образование и член 24-в од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината во октомври | |
| **Показател за успешност:** Објавен Јавен повик на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог јавен повик | Врз основа на измените на Законот за основно и Законот за средното образование |

| | |
|---|---|
| Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН и негово проследување до сите училишта | со кои средствата за активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција кои ги доделува МОН се зголемени од „30.000 денари" на „две просечни нето-плати исплатени по работник во Републиката во претходната година", донесено е Решение бр.18-13862/1 од 30.10.2025 од министерката за образование и наука за висина на грант од 60.000 мкд.<br><br>На 31.10.2025 Јавниот повик е објавен на веб страната на МОН и доставен е до сите училишта по е-пошта. Дополнително организирани се две регионални средби со училиштата на 19.11. во Тетово и 21.11 во Велес. Пристигнати се вкупно 143 апликации, од нив 106 се апликации од основните училишта, а 37 од средните училишта. |

| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА** Изготвување на предлог програми за 2026 година | |
|---|---|
| **Показател за успешност:** Изготвени, усогласени програми со сите релевантни институции и поднесени во владина процедура на усвојување | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2026 година | Врз основа на законот за извршување на Буџетот за 2026г. изготвени се предлог програмите и истите се доставени во владина постапка на усвојување. Програмите се усвоени на 141-та и 143-та седница на Владата одржани на 13.1.2026г и 20.1.2026г.. |
| Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2026 година | |
| Програма за научно-истражувачката дејност за 2026 година | |
| Програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2026 | |
| Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2026 | |

# 1. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Република Северна Македонија со Националната развојна стратегија 2024–2044 ги постави образовните приоритети како клучни приоритети за долгорочен и одржлив развој на државата. Бидејќи Стратегијата за образование 2018-2025 година беше во завршна фаза на имплементација, во 2025 година се започна постапка за изработка на нова стратегија која ќе се темели на клучните предизвици и промени во општеството, економијата и технологијата, коишто бараат создавање ефикасен, правичен, современ и одржлив образовен систем којшто ги подготвува учениците и студентите за реалниот живот и го унапредува човечкиот капитал на државата.

Поради тоа, на иницијатива на Министерството за образование и наука, на 51та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18ти февруари 2025 година, беше усвоена информацијата за потребата од изработка на нова Стратегија за образование, за периодот 2026-2032 година. Процесот на подготовка на Стратегијата опфати 5622 претставници на клучни национални институции, организации и засегнати страни, вклучувајќи: ученици, студенти и наставници, нивни организации, родители, академска заедница, сите релевантни министерства, агенции и институции, Владата на РСМ, деловен сектор, граѓански организации, вклучително младински организации и здруженија на лица со попреченост, како и меѓународни развојни организации. Генералниот секретаријат на Владата беше активно вклучен со свои стручни коментари и сугестии во насока на обезбедување методолошка усогласеност, квалитет на процесот на планирање и конзистентност со утврдените стандарди за изработка и следење на јавни политики.

Демографски показатели укажуваат на постепено намалување на генерациите што влегуваат во образовниот систем, што претставува сериозен предизвик за планирањето на мрежата на образовни институции, кадровските ресурси и обезбедувањето квалитетно образование за сите деца. Училишната мрежа е неусогласена со демографските трендови и резултира со преполнетост на некои училишта, и недоволна искористеност на други училишта. Демографските движења јасно укажуваат и дека идниот развој на образованието мора да се темели на правичност, инклузивност и квалитет.

## 2. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Се очекува новата Стратегија за образование 2026-2032 да резултира со ефикасен, правичен, современ и одржлив образовен систем којшто ги подготвува учениците за реалниот живот и го унапредува човечкиот капитал на државата, преку фокус на подобрувањето на квалитетот на наставата и наставниот кадар, модернизација и дигитализација на образованието, образование еднакво за сите, усогласување со пазарот на трудот, усогласување со европските образовни стандарди и мерливост и транспарентност.

Особено е значајно да продолжи етапно да се имплементира ревидираната Концепција за основно образование, со воведување на нови наставни програми во осмо и деветто одделение и имплементација на Водичот за слободни изборни предмети.

Согласно можностите и капацитети на училиштата, организирањето и реализацијата на престојот на учениците во основните училишта треба да се изведува во една целодневна смена. Потребата за подолг престој на учениците во училиште, не само за време на наставата, туку и после тоа, е поттикната од различни образовни, социјални и развојни фактори. Продолжувањето на училишниот ден и добро структурираниот дневен распоред во училиштата промовира холистички развој на учениците преку балансирање на академските, креативните и рекреативните активности.

Значајно е да се донесе нов Закон за средно образование и да се усвои новата предлог Концепција за средно гимназиско образование и да се изработат нови наставни програми за трета и четврта година гимназиско образование базирани на националната рамка на клучни компетенции

Компетенциите за доживотно учење преточени во Националните стандарди и рамката на клучни компетенции, а посебно оние кои се однесуваат на вештините за креативно изразување, критичко размислување, комуникација и соработка треба да бидат интегрирани во сите наставни програми и да бидат дел од секој час, на ист начин како јазичната и математичката писменост. Исто така, дигиталната интеграција е основа на новото образование, но не само преку едноставно „додавање“ ИКТ на постојните наставни методи. Дигиталната технологија мора да се применува на начин кој им е од непосредна корист на учениците. Тука спаѓа и подготвувањето на учениците за комбиниран пристап на учење (blendid learning) преку дигитални платформи или преку настава од далечина во различни услови, како и користењето на дигитална технологија како поддршка на инклузијата на децата со попреченост во редовната настава.

Пристапот до квалитено образование е исклучително важен, особено за децата од ранливите средини. Притоа, не е важно тие само да посетуваат училиште, туку и да ги научат вештините кои се бараат на пазарот на трудот. За таа цел реформите на системот на стручно образование и обука треба да продолжат и во 2026 година согласно новиот Закон за стручно образование и обука.

Обезбедување на квалитет може да доведе до посилен, поодговорен и порелевантен образовен систем. Механизмите за обезбедување квалитет се од суштинско значење за да се обезбеди квалитетна настава и добро владеење на ниво на образовни институции и на ниво на систем. Ефективното обезбедување квалитет бара соодветно и редовно следење на резултатите на учениците и перформансите на образовните институции, но исто така и механизми за поддршка со кои ќе им се помогне да се справат со предизвиците со кои се соочуваат, и, на крајот, ефективно законодавство кое овозможува да се преземат мерки кога образовните институции работат под задоволителното ниво. Потребните реформи за модернизирање на политиката и практиката за оценување на учениците се веќе започнати, но потребна е поддршка за нивно окрупнување и градење институционални капацитети. Државниот испитен центар (ДИЦ) претставува добро воспоставена институција за спроведување на широк опсег на проценки, вклучувајќи тестирања со висок влог и тестирања врз основа на примерок.

Клучно е да се напомене дека инвестирањето во образовнаието не подразбира само по себе зголемување на финансиските средства кои се одвојуваат за таа намена. Повеќе средства, доколку не се користат соодветно, не мора да значи дека ќе доведат до подобрување на образованието. Еден од начините за подобрување на ефикасноста и на резултатите на образовниот систем е промена на системот на финансирање на училиштата со помош на формула, која треба да се имплементира од 2026 година. Преку јасно утврдените стандарди за различните типови трошоци се очекува да се зголеми ефикасноста во трошењето на буџетските средства и следењето на реализацијата на буџетите да биде поедноставно и транспарентно, а со тоа да се поттикне и поголема отчетност од страна на училиштата и општините. Паралелно со промена на системот на финансирање треба да се спроведе и оптимизација на училишната мрежа на ниво на општина, согласно утврдени планови за омптимизација.

Важно е да продолжат активностите за промена на моделот за финансирање на високообразовната и научната дејност во земјата, преку изработка на нови уредби од страна на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност.

Започнат е процес на воспоставување и консолидирање на систем за обезбедување квалитет во високото образование. Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО) започна со работа во 2020 година според новиот Закон за високо образование,. Имплементацијата на стандардите за обезбедување квалитет во високото образование е од големо значење за постигнување полноправно членство во Европската мрежа за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA), бидејќи Република Северна Македонија во моментов е придружна членка.

**Листа на кратенки, употребени во Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа за 2025**:

| | |
|---|---|
| МОН | Министерство за образование и наука |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ЦОВ | Центар за образование на возрасни |
| ЦСОО | Центар за стручно образование и обука |
| УРУОЈПЗ | Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| НРК | Национална рамка на квалификации |
| ПЕИП проект | Проект за унапредување на основно образование |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕТФ | Европска тренинг фондација |
| НАЕОПМ | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЗОО | Закон за основното образование |
| ЗСО | Закон за средното образование |
| ИОП | Индивидуален образовен план |
| ЗВО | Закон за високото образование |

Бр. 01-4315/1
16 март 2026 година
Скопје

Министер,
проф. д-р Весна Јаневска, с.р.

Подготвиле:
Билјана Трајковска, државен советник за стратешко планирање и економски анализи
Кети Костовска, раководител на одделение за аналитика и истражување на развојно образовни политики